# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2012 година**

**Скопје, Февруари 2013 година**

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2012 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеа на работењето на Берзата во 2012 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2012 година.

# 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2012 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2012 година се намали во однос на растот од 2011 година. Најголем дел од развиените економии, со исклучок на САД и Јапонија, влегоа во стагнација или рецисија. Растот на повеќето земји во развој беше доста забавен после високите стапки на пораст во претходните години. Земјите од еврозоната унија, вклучувајќи ја и Велика Британија, забележаа намалување на БДП од 0,4% во 2012 година и покрај незначителниот раст на германската економија од 0,9%[1].
- Должничката криза на дел од земјите од еврозоната предизвика воздржаност и песимизам кај инвеститорите од вложување во еврозоната, пред се’ како резултат на исходот од мерките за стабилизација и поддршка на најзадолжените земји од еврозоната како и слабите резултати од закрепнувањето на најразвиените економии од Европската Унија;
- Во 2012 година македонската економија забележи стагнација на растот пред се’ како резултат на тоа што функционираше во сложени економски услови предизвикани од последиците на светската економска криза и забавувањето на растот на развиените економии како главни партнери на македонските компании[2];
- НБРМ ја релаксираше монетарна политика преку воведување на мерки за намалување на основата за задолжителните резерви на банките, ограничување на понудениот износ на благајничките записи, како и намалување на активните каматните стапки на каматите на кредитите преку ноќ и каматите на благајничките записи. Овие мерки овозможија зголемување на масата на парични средства расположливи за кредитирање на стопанството и населението, со што истовремено предизвикаа банките да продолжат да ги намалуваат пасивните и активните каматни стапки, а државата на два пати да ги намали каматните стапки на трезорските записи. Ова резултираше со дополнително намалување на приносите на најсигурните финаниски инструменти споредено со приносите на пазарот на капитал.
- Должничката криза на дел од земјите од еврозоната и трендовите во светската економија во 2012 година, стагнацијата на македонската економија и нестабилното геополитичко окружување во голема мерка влијаеше на воздржаноста на инвеститорите од вложување на берза (особено беше евидентно малото присуство на странските

[1] World Economic Outlook, “Coping with High Debt and Sluggish Growth”, IMF, October 2012
[2] Макроекономски проекции 2012-2014, Димитар Богов, гувернер на НБРМ, ноември 2012 година

инвеститори) и на ликвидноста на хартиите од вредност. Тоа влијаеше врз намалување на прометот и општото ниво на цените на пазарот;
- Во 2012 година не се случија позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што имаше свое влијание врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни и инвестициони одлуки;
- Продолжи трендот на зголемена транспарентност во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;
- Задржување на поволен даночен амбинет;
- Нагорна стапка на инфлација од 2,2% во 2012 година и предвидена од 3,5% во 2013, како краткорочен ефект, со стабилизација во 2014 година[3];
- Стабилен девизен курс;
- Функционална институционална пазарна инфраструктура.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2012 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2012 година изнесуваше **5.600.304.948** денари (околу **91** милион евра), што е за **58,99 %** помалку во споредба со 2011 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2012 година изнесуваше **2.755.471.034** денари[4] (околу **44,78** милиони евра), што е за **19,89%** понизок во споредба со 2011 година;

    - Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2012 година изнесуваше **1.553.185.005** денари (околу **25,24** милиони евра), што е за **27,66%** понизок во споредба со 2011 година;

    - Во 2012 година е остварен промет со обврзници од **1.202.286.029** денари (околу **19,53** милиони евра), што е за **6,98%** понизок во споредба со 2011 година;

- Во 2012 година на Берзата се реализирани **75** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **2.399.890.440** денари (околу **39** милиони евра), и бележи намалување од **73,23%** во споредба со 2011 година;

- Во 2012 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции, како и продажба на големи пакети на акции во вкупна вредност од **347.082.916** денари (околу **5,63** милиони евра), што е за **7,95 %** повеќе во споредба со 2011 година;

- Во 2012 година на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност и е остварен промет од **97.860.558** денари (**1,59** милиони евра) и бележи намалување од **89,48%** во споредба со 2011 година;

---

[3] Макроекономски проекции 2012-2014, Димитар Богов, гувернер на НБРМ, ноември 2012 година

[4] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во структурата на прометот доминираат реализирани блок трансакции (администраторски и системски) со **42,85%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2012 година;

- На крајот на 2012 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **32** друштва;

- Пазарната капитализација на котираните акции достигна **25,92** милијарди денари (околу **421,43** милиони евра) и бележи опаѓање од **5,06%,** додека пазарната капитализација на обврзниците достигна **7,35** милијарди денари (**119,57** милиони евра) што претставува опаѓање за **14,13%** во споредба со 2011 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2012 и 2011 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2012 година и Јануари-Декември 2011 година, како и структурата на прометот остварен во 2012 година.

| **ПРОМЕТ** (денари) | **2011** | **2012** | **% на промена** |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **3.439.596.525** | **2.755.471.034** | **-19,89** |
| АКЦИИ | 2.147.134.623 | 1.553.185.005 | -27,66 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.292.461.902 | 1.202.286.029 | -6,98 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | **14.154.718** | **11.201.102** | **-20,87** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | **96** | **60** | **-37,50** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **8.964.076.592** | **2.399.890.440** | **-73,23** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ+ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **321.522.557** | **347.082.916** | **7,95** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **930.662.000** | **97.860.558** | **-89,48** |
| **ВКУПНО** | **13.655.857.674** | **5.600.304.948** | **-58,99** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | 23.290 | 14.806 | -36,43 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 62 | 75 | 20,97 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ+ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | 61 | 53 | -13,11 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 13 | 17 | 30,77 |
| **ВКУПНО** | **23.426** | **14.951** | **-36,18** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** ( денари) | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **119.041.270.716** | **113.016.985.122** | **-5,06** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 27.300.260.205 | 25.917.759.876 | -5,06 |
| ПАЗАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ | 91.741.010.511 | 87.099.225.245 | -5,06 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **8.563.567.068** | **7.353.535.935** | **-14,13** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **127.604.837.784** | **120.370.521.057** | **-5,67** |
| **МБИ10** | **1.974,86** | **1.731,18** | **-12,34** |
| **МБИД** | **2.084,01** | **1.734,87** | **-16,75** |
| **ОМБ** | **121,16** | **118,61** | **-2,10** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **32** | **32** | **0,00** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **243** | **246** | **1,23** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2012 година**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.164.209.720** | **35.169.383** | **38,64** | **11.534** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | **591.261.314** | **9.610.254** | **10,56** | **3.272** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **2.399.890.440** | **39.000.911** | **42,85** | **75** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ+ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **347.082.916** | **5.634.348** | **6,20** | **53** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **97.860.558** | **1.591.253** | **1,75** | **17** |
| **ВКУПНО** | **5.600.304.948** | **91.006.148** | **100,00** | **14.951** |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2012 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.755.471.034** денари (околу **44,78** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2012 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2012 година.

## Промет од “класичното” тргување по месеци во 2012 година




| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 72.005.765 | 66.413.805 | 15.929.829 | 0 | 154.349.399 | 2.509.588 | 1.011 | 19 |
| Февруари | 137.053.517 | 61.478.749 | 82.142.803 | 0 | 280.675.069 | 4.563.672 | 1.743 | 21 |
| Март | 99.167.533 | 169.983.255 | 87.818.140 | 0 | 356.968.928 | 5.804.278 | 1.525 | 22 |
| **Вкуп. I квартал** | **308.226.815** | **297.875.809** | **185.890.772** | **0** | **791.993.396** | **12.877.538** | **4.279** | **62** |
| Април | 90.750.370 | 27.096.261 | 48.522.372 | 0 | 166.369.003 | 2.703.479 | 1.231 | 19 |
| Мај | 101.592.192 | 210.342.162 | 50.091.199 | 0 | 362.025.553 | 5.874.500 | 1.891 | 21 |
| Јуни | 66.184.382 | 190.557.759 | 31.674.947 | 0 | 288.417.088 | 4.682.062 | 1.419 | 20 |
| **Вкуп. II квартал** | **258.526.944** | **427.996.182** | **130.288.518** | **0** | **816.811.644** | **13.260.041** | **4.541** | **60** |
| Јули | 67.570.165 | 45.131.450 | 27.623.350 | 0 | 140.324.965 | 2.279.111 | 1.060 | 22 |
| Август | 47.767.094 | 91.916.816 | 19.549.180 | 0 | 159.233.090 | 2.589.178 | 924 | 20 |
| Септември | 60.610.153 | 99.430.532 | 57.122.709 | 0 | 217.163.394 | 3.530.988 | 1.007 | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **175.947.412** | **236.478.798** | **104.295.239** | **0** | **516.721.449** | **8.399.277** | **2.991** | **62** |
| Октомври | 77.606.640 | 73.141.065 | 28.350.383 | 0 | 179.098.088 | 2.912.107 | 948 | 21 |
| Ноември | 70.256.120 | 87.212.432 | 25.248.287 | 0 | 182.716.839 | 2.970.965 | 1.010 | 21 |
| Декември | 71.359.760 | 79.581.743 | 117.188.115 | 0 | 268.129.618 | 4.359.709 | 1.037 | 20 |
| **Вкуп. IV квартал** | **219.222.520** | **239.935.240** | **170.786.785** | **0** | **629.944.545** | **10.242.781** | **2.995** | **62** |
| **ВКУПНО** | **961.923.691** | **1.202.286.029** | **591.261.314** | **0** | **2.755.471.034** | **44.779.637** | **14.806** | **246** |

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2012 година (2.164 милиони денари) е остварен преку 11.534 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 78.54%. Од тоа, 962 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (44,45%) при што се склучени 8.835 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.202 милиони денари (55,55%) и истиот е остварен преку 2.699 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (591 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2012 година со 21,46% и 3.272 трансакции. Од тоа, 428 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (72,38%) и овој промет е остварен преку 3.001 трансакција, додека на Слободниот пазар се остварени 163 милиони денари (27,62%) преку 271 трансакција.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2012 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2012 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **961.923.691** | **15.633.619** | **44,45** | **8.835** |
| обични | 961.722.191 | 15.630.344 | 99,98 | 8.832 |
| приоритетни | 201.500 | 3.275 | 0,02 | 43 |
| ***Обврзници*** | **1.202.286.029** | **19.535.764** | **55,55** | **2.699** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.164.209.720** | **35.169.383** | **78,54** | **11.534** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **591.261.314** | **9.610.254** | **100,00** | **3.272** |
| ***Пазар на јавно поседувани друштва*** | **427.951.977** | **6.956.153** | **72,38** | **3.001** |
| обични | 427.213.370 | 6.944.153 | 99,83 | 2.968 |
| приоритетни | 738.607 | 12.000 | 0,17 | 33 |
| ***Слободен пазар*** | **163.309.337** | **2.654.101** | **27,62** | **271** |
| обични | 163.309.337 | 2.654.101 | 100,00 | 271 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **0** | **0** | **0,00** | **0** |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **591.261.314** | **9.610.254** | **21,46** | **3.272** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.755.471.034** | **44.779.637** | **100,00** | **14.806** |






## 3.4. Блок трансакци

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2012 година на Берзата беа пријавени вкупно **27** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **1.931.068.072** денари (околу 31 милион ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 4 блок трансакции во вкупна вредност од 420 милиони денари (6,82 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 23 блок трансакции во вкупна вредност од 1,35 милијарди денари (21,95 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2012 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **9.144.800** | **148.696** | **1** |
| | **Берзанска котација** | **411.304.493** | **6.670.938** | **3** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **160.021.553** | **2.601.134** | **15** |
| | **Слободен пазар** | **1.350.597.226** | **21.958.760** | **8** |
| **Вкупно** | | **1.931.068.072** | **31.379.528** | **27** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2012 година на Берзата беа склучени вкупно **48** системски блок трансакции во вкупна вредност од **468.822.368** денари (околу 7,62 милиони ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 9 блок трансакции во вкупна вредност од 81,67 милиони денари (1,33 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 39 блок трансакции во вкупна вредност од 387 милиони денари (6,29 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во четвртиот квартал 2012 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **0** | **0** | **0** |
| | **Берзанска котација** | **81.666.592** | **1.326.474** | **9** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **28.538.651** | **463.980** | **6** |
| | **Слободен пазар** | **358.617.125** | **5.830.929** | **33** |
| **Вкупно** | | **468.822.368** | **7.621.383** | **48** |

## 3.5. Јавни берзански аукции и аукции на акции при продажба на големи пакети

Во текот на 2012 година на Берзата се одржаа вкупно 12 јавни берзански аукции на кои што се понудија акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ, Народна Банка на Република Македонија и Агенцијата со одземен имот.

На одржаните јавни берзански аукции во 2012 година беа склучени вкупно 52 трансакции и беше остварен промет од 119.236.916,00 денари. При тоа:

- Преку 5 трансакции беа истргувани обични акции на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 10.185.834 денари;
- Преку 46 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 32 акционерски друштва при што беше остварен промет од 108.748.232 денари;
- Преку 1 трансакција беа истргувани уделите во 1 друштво и остварен промет 302.850 денари.

Во 2012 година беа одржани јавни берзански аукции за големи пакети при што беа истргувани **74.000** акции од Топлификација АД Скопје и беше остварен промет од **227.846.000** денари, односно **3,69** милиони ЕВРА.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот 2012 година преку Берзата беа спроведени две јавни понуди на хартии од вредност, согласно Анекс 3 на Правилата за тргување на Берзата. Првата јавна понуда се однесуваше на втората емисија на акции на Тобако АД Скопје и истата траеше во периодот 01.02.2012-30.04.2012 година, а втората јавна понуда се однесуваше на четвртата емисија на акции на Капитал Банка АД Скопје и траеше во периодот 06.09.2012-12.09.2012 година.

| Хартија од вредност | Просечна цена | Количина | Вредност МКД | Вредност ЕВРА | Број на трансакции | Почетен датум на јавна понуда | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тобако АД Скопје - јавна понуда на хв | 617,00 | 38.631 | 23.835.327 | 387.481 | 16 | 01.02.2012 | 19,32 % |
| Капитал Банка АД Скопје – јавна понуда | 30.831,00 | 2.401 | 74.025.231 | 1.203.772 | 1 | 06.09.2012 | 60,03% |
| **Вкупно** | | | **97.860.558** | **1.591.253** | **17** | | |

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет остварен на Берзата во 2012 година, 460.350.415 Денари (7.500.322 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (8,22% од вкупниот промет), додека 832.941.342 Денари (13.570.847 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (14,87% од вкупниот промет). Согласно повеќегодишната пракса при изготвувањето и објавувањето на статистичките билтени во прикажувањето на учеството на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет, а заради пореално прикажување на активноста на портфолио инвеститорите, при пресметките се исклучени поголемите блок трансакции. Од тие причини, за 2012 година вкупниот промет е изразен без блок трансакциите со акциите на ВВ Тиквеш АД Скопје (Јули) и Халкбанка АД Скопје (Ноември) и јавната понуда со акциите на Капитал банка АД Скопје (Септември).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2012 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I- XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 3,81% | 1,56% | 1,35% | 2,14% | 1,60% | 0,86% | 3,15% | 1,80% | 3,11% | 2,26% | 2,81% | 1,24% | **1,95%** |
| Купување странски правни | 0,06% | 3,44% | 4,29% | 6,38% | 0,23% | 42,61% | 0,27% | 1,77% | 6,47% | 11,19% | 7,94% | 11,33% | **9,60%** |
| **ВКУПНО** | **3,88%** | **5,00%** | **5,64%** | **8,51%** | **1,83%** | 43,46% | **3,42%** | **3,57%** | **9,57%** | **13,45%** | **10,75%** | **12,57%** | **11,55%** |
| Купување домашни физички | 29,03% | 16,89% | 22,21% | 36,68% | 30,61% | 13,23% | **31,25%** | 18,48% | 19,10% | 18,35% | 21,57% | 22,32% | **21,77%** |
| Купување домашни правни | 67,09% | 78,11% | 72,15% | 54,81% | 67,56% | 43,31% | **65,33%** | 77,95% | 71,33% | 68,19% | 67,68% | 65,11% | **66,68%** |
| **ВКУПНО** | **96,12%** | **95,00%** | **94,36%** | **91,49%** | **98,17%** | 56,54% | **96,58%** | **96,43%** | **80,19%** | **86,55%** | **89,25%** | **87,43%** | **88,45%** |
| Продажба странски физички | 2,77% | 1,93% | 1,76% | 5,67% | 2,00% | 1,42% | **3,13%** | 2,14 | 2,02% | 3,98% | 3,50% | 2,28% | **2,44%** |
| Продажба странски правни | 18,57% | 13,25% | 18,78% | 12,11% | 9,31% | 46,09% | **15,07%** | 34,63 | 7,97% | 11,09% | 9,18% | 11,32% | **19,04%** |
| **ВКУПНО** | **21,34%** | **15,18%** | **20,54%** | **17,78%** | **11,31%** | 47,51% | **18,20%** | **36,76** | **10,00%** | **15,08%** | **12,68%** | **13,59%** | **21,48%** |
| Продажба домашни физички | 17,75% | 52,15% | 19,32% | 33,73% | 51,19% | 22,73% | **42,20%** | 20,41 | 9,81% | 31,68% | 33,19% | 15,58% | **32,67%** |
| Продажба домашни правни | 60,91% | 32,66% | 60,14% | 48,49% | 37,49% | 29,76% | **39,60%** | 42,83 | 80,19% | 53,25% | 54,13% | 70,83% | **45,85%** |
| **ВКУПНО** | **78,66%** | **84,82%** | **79,46%** | **82,22%** | **88,69%** | 52,49% | **81,80%** | **63,24** | **90,00%** | **84,92%** | **87,32%** | **86,41%** | **78,52%** |

## 3.8. Индекси на Македонска Берза

Македонска Берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните три индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10; Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2012 година **(28.12.2012) 1.731,18** индексни поени, што значи опаѓање од **12,34%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2011 година (**29.12.2011** година = **1.974,86** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2012 година е постигната на **02.03.2012** година (**2.167,67** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2012 година е постигната на **18.12.2012** година (**1.704,75** индексни поени).




На 15.06.2012 година и 17.12.2012 година беа извршени редовни ревизии на индексот МБИ10 од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИ10, на последниот дел на тргување во 2012 година елементи на индексот МБИ10 се обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Фершпед АД Скопје, ЗК Пелагонија АД Битола и Македонијатурист АД Скопје.

### *3.8.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

- вредност на МБИД на последниот ден на тргување во 2012 година (**28.12.2012**) = **1.734,87** индексни поени, што значи опаѓање од **16,75%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2011 година (**29.12.2011** година = **2.084,01** индексни поени),
- највисока вредност на МБИД во 2012 година е постигната на **05.01.2012** година (**2.063,93** индексни поени),
- најниска вредност на индексот МБИД во 2012 година е постигната на **14.09.2012** година (**1.659,98** индексни поени).




На 15.06.2012 година и 17.12.2012 година беа извршени редовни ревизии на индексот МБИД од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИД, на последниот дел на тргување во 2012 година елементи на индексот МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Македонски телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Прилепска пиварница АД Прилеп, УНИ Банка АД Скопје, Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје, Трготекстил малопродажба АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово и КЈУБИ АД Скопје.

### *3.8.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2012 година (**28.12.2012**) = **118,61** индексни поени, што значи намалување од **2,10%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2011 година (**29.12.2011** година = **121,16** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2012 е постигната на **01.03.2012** година (**123,02** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2012 е постигната на **19.10.2012** година (**117,95** индексни поени).




На 15.06.2012 година и 17.12.2012 година беа извршени редовни ревизии на индексот ОМБ од страна на Комисијата за берзански индекс.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот ОМБ, на последниот дел на тргување во 2012 година елементи на индексот ОМБ се обврзниците за денационализација од следните емисии: Обврзниците за денационализација - Трета емисија (RMDEN03), Четврта емисија (RMDEN04), Петта емисија (RMDEN05), Шеста емисија (RMDEN06), Седма емисија (RMDEN07), Осма емисија (RMDEN08), Деветта емисија (RMDEN09), Десетта емисија (RMDEN10) и Единаесетта емисија (RMDEN11).

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2012 година е реализиран преку активностите на 18 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2012 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2012 година

| Членка | Шиф-ра | Класично тргување | % Клас. тргув. | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берз. аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 245.203.986 | 4,45 | 2.380.198.477 | 49,59 | 235.808.180 | 41,02 | 40.605.387 | 20,75 | **2.901.816.030** |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.097.600.461 | 19,92 | 848.039.232 | 17,67 | 24.123.032 | 4,20 | 0 | 0 | **1.969.762.725** |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.652.801.259 | 29,99 | 24.620.736 | 0,51 | 28.239.218 | 4,91 | 0 | 0 | **1.705.661.213** |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 630.341.277 | 11,44 | 462.286.764 | 9,63 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | **1.092.628.041** |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 196.986.108 | 3,57 | 250.755.700 | 5,22 | 6.187.154 | 1,08 | 155.115.112 | 79,25 | **609.044.074** |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 309.962.262 | 5,62 | 173.219.754 | 3,61 | 3.354.638 | 0,58 | 0 | 0 | **486.536.654** |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 199.751.051 | 3,62 | 18.289.600 | 0,38 | 227.846.000 | 39,63 | 0 | 0 | **445.886.651** |
| ТТК Банка Скопје | TK | 281.829.583 | 5,11 | 144.880.234 | 3,02 | 149.550 | 0,03 | 0 | 0 | **426.859.367** |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 140.735.046 | 2,55 | 162.135.260 | 3,38 | 506.368 | 0,09 | 0 | 0 | **303.376.674** |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 166.142.492 | 3,01 | 114.491.064 | 2,39 | 15.755.991 | 2,74 | 0 | 0 | **296.389.547** |
| Мој Брокер АД Скопје | MO | 163.602.424 | 2,97 | 44.279.175 | 0,92 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | **207.881.599** |
| Пеон Брокер АД Скопје | PE | 134.526.812 | 2,44 | 50.728.815 | 1,06 | 7.885.194 | 1,37 | 0 | 0 | **193.140.821** |
| Алта Виста брокер АД Скопје | AV | 109.398.852 | 1,99 | 69.740.100 | 1,45 | 9.583.633 | 1,67 | 0 | 0 | **188.722.585** |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | BB | 82.955.801 | 1,51 | 29.671.968 | 0,62 | 14.676.200 | 2,55 | 0 | 0 | **127.303.969** |
| Охридска Банка АД Охрид | OH | 27.674.944 | 0,50 | 26.444.000 | 0,55 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | **54.118.944** |
| ЕУРОброкер АД Скопје | EU | 41.442.105 | 0,75 | 0 | 0 | 813.758 | 0,14 | 0 | 0 | **42.255.863** |
| Бро-Дил АД Скопје | BD | 19.184.827 | 0,35 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 617 | 0 | **19.185.444** |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | SL | 10.802.781 | 0,20 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | **10.802.781** |
| **Вкупно** | | **5.510.942.069** | **100,00** | **4.799.780.879** | **100,00** | **574.928.916** | **100,00** | **195.721.116** | **100,00** | **11.081.372.980** |




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката НЛБ Тутунска банка АД Скопје со учество од 26,19%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 17,76% и 15,39%, соодветно.

## 3.10. Други активности поврзани со тргувањето

Во текот на 2012 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се: внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем; времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва и др.), распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување и слично. За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку статистичката апликација БерзаНЕТ.

Меѓу останатите активности, во текот на 2012 година Берзата секој месец го ажурираше списокот на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити). Берзата подготви и објави годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност. Берзата изготви нов преглед "Јавни понуди" во статистичката апликација Берза Нет, преку која членките имаат увид за запишаните хартии од вредност на дневно ниво во рамките на тековните јавни понуди на хартии од вредност, како и на процентот на вкупно запишаните хартии од вредност во јавна понуда.

Во текот на годината беше извршено распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување, како и ново рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за вршење на функцијата поддржувачи на ликвидност.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2012 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 32 акционерски друштва со пазарна капитализација од 27,3 милијарди денари како и 12 државни обврзници со пазарна капитализација од 8,56 милијарда денари.

На крајот од 2012 бројот на котираните друштва остана непроменет, со пазарна капитализација од 25,92 милијарди денари, што претставува намалување од 5,06%. На крајот од 2012 година бројот на котирани државни обврзници остана ист, со пазарна капитализација од 7,35 милијарди денари, што претставува намалување за 14,13%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација и достасувањето на обврзницата за денационализација од првата емисија.

Во продолжение, презентираме податоци за пазарната капитализација на котираните хартии од вредност на Македонска Берза АД Скопје на ден 28.12.2012 година и некои поважни податоци во врска со тргувањето со котираните хартии од вредност.

**Податоци за котираните обични и приоритетни акции на Официјалниот пазар подредени по вкупен остварен промет во 2012 година:**

| Издавач | Просечна цена 28/12/2012 | Промет во денари (класично + блок) | Промет во евра (класично + блок) | % учество во остварен годишен промет | Истргува на количина / Издадени акции | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Винарска визба Тиквеш Скопје | 1.430,85 | 404.077.332 | 6.553.357 | 27,56% | 24,39% | 99,61% | 405.675.000 |
| Комерцијална банка Скопје | 2.612,22 | 375.754.575 | 6.107.524 | 25,68% | 6,18% | 6,83% | 5.502.260.295 |
| Алкалоид Скопје | 4.027,38 | 253.210.835 | 4.114.912 | 17,30% | 4,37% | 4,26% | 5.942.533.937 |
| ЗК Пелагонија Битола | 2.217,17 | 85.075.269 | 1.381.841 | 5,81% | 19,51% | 18,64% | 456.504.750 |
| Гранит Скопје | 469,82 | 59.678.261 | 969.917 | 4,08% | 4,06% | 5,10% | 1.169.856.786 |
| Стопанска банка Битола | 1.833,83 | 50.193.299 | 815.859 | 3,43% | 7,25% | 9,86% | 508.891.753 |
| Макпетрол Скопје | 16.241,63 | 48.367.019 | 786.044 | 3,31% | 2,49% | 3,59% | 1.348.584.000 |
| Македонијатурист Скопје | 2.808,22 | 43.595.918 | 708.557 | 2,98% | 3,42% | 3,15% | 1.384.291.887 |
| Топлификација Скопје | 2.117,66 | 42.780.967 | 695.094 | 2,92% | 4,34% | 6,21% | 688.500.000 |
| Макстил Скопје | 109,21 | 20.686.328 | 336.143 | 1,41% | 1,29% | 1,50% | 1.374.556.642 |

| Издавач | Просечна цена 28/12/2012 | Промет во денари (класично + блок) | Промет во евра (класично + блок) | % учество во остварен годишен промет | Истргува на количина / Издадени акции | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Витаминка Прилеп | 4.650,38 | 17.617.146 | 286.440 | 1,20% | 7,03% | 7,59% | 231.990.000 |
| Фершпед Скопје | 41.283,57 | 16.244.364 | 264.039 | 1,11% | 2,17% | 2,19% | 742.633.000 |
| Скопски Пазар Скопје | 4.165,00 | 10.469.529 | 170.202 | 0,72% | 3,45% | 3,60% | 290.841.700 |
| Реплек Скопје | 38.108,57 | 10.114.443 | 164.391 | 0,69% | 1,02% | 0,93% | 1.088.640.000 |
| ТТК Банка АД Скопје | 889,32 | 6.265.391 | 101.831 | 0,43% | 0,77% | 0,99% | 635.521.600 |
| Интернешнел Хотелс АД Скопје | 3.658,75 | 3.196.420 | 51.977 | 0,22% | 0,17% | 0,15% | 2.063.324.506 |
| Бетон Скопје | 4.569,02 | 2.935.276 | 47.711 | 0,20% | 1,23% | 1,79% | 163.686.000 |
| РЖ Услуги Скопје | 140,31 | 2.879.431 | 46.778 | 0,20% | 1,32% | 1,73% | 166.596.808 |
| Тетекс Тетово | 349,70 | 2.828.900 | 45.992 | 0,19% | 1,86% | 2,07% | 136.526.896 |
| Охридска банка Охрид | 1.134,47 | 2.344.604 | 38.110 | 0,16% | 0,48% | 0,53% | 438.586.000 |
| Хотели Метропол Охрид | 138,27 | 1.437.960 | 23.375 | 0,10% | 1,06% | 1,16% | 124.200.000 |
| Дуропацк АД Скопје | 450,00 | 1.412.100 | 22.945 | 0,10% | 1,12% | 1,12% | 125.550.000 |
| РЖ Институт Скопје | 401,00 | 1.141.840 | 18.535 | 0,08% | 2,45% | 2,88% | 39.687.900 |
| Макошпед Скопје | 135,86 | 598.970 | 9.734 | 0,04% | 0,57% | 0,73% | 81.996.096 |
| Жито Вардар Велес | 1.156,38 | 312.160 | 5.070 | 0,02% | 0,38% | 0,39% | 80.121.589 |
| ЕМО Охрид | 39,33 | 270.976 | 4.405 | 0,02% | 0,88% | 1,19% | 22.765.800 |
| ОХИС Скопје | 64,83 | 201.964 | 3.281 | 0,01% | 0,16% | 0,16% | 125.388.120 |
| Скопски пазар Скопје - приоритетни акции | 1.973,33 | 201.500 | 3.275 | 0,01% | 0,71% | 0,78% | 25.673.895 |
| Жито Лукс Скопје | 161,00 | 76.879 | 1.250 | 0,01% | 0,06% | 0,06% | 130.258.206 |
| РЖ Интер-Трансшпед Скопје | 29,09 | 43.860 | 713 | 0,00% | 0,26% | 0,30% | 14.634.975 |
| Тутунски комбинат Прилеп | 125,00 | 26.060 | 424 | 0,00% | 0,01% | 0,01% | 335.100.105 |
| Макотекс Скопје | | | | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 4.703.150 |
| Технометал Вардар Скопје | | | | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 64.148.800 |
| Жито лукс Скопје - приоритетни акции | | | | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 3.529.680 |
| **ВКУПНО** | | **1.464.039.576** | **23.779.725** | **100,00%** | | **5,65%** | **25.917.759.876** |

**Податоци за котираните обврзници на Официјалниот пазар:**

| | Последна просечна дневна цена (%) | Принос до достасување * | Обем (ХВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Промет / Пазарна капитал. | Пазарна капитал. (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници на РМ за денационал.(RMDEN02) | 97,80 | 7,39% | 314.068 | 19.005.556 | 308.980 | 8,29% | 229.160.070 |
| Обврзници на РМ за денационал.(RMDEN03) | 96,00 | 6,62% | 1.412.753 | 84.439.806 | 1.372.792 | 15,22% | 554.976.000 |
| Обврзници на РМ за денационал.(RMDEN04) | 95,00 | 5,79% | 2.043.450 | 119.692.506 | 1.946.047 | 11,77% | 1.016.595.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN05) | 93,00 | 6,02% | 2.213.275 | 128.700.505 | 2.090.438 | 16,55% | 777.852.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN06) | 92,00 | 5,69% | 643.050 | 36.929.396 | 599.664 | 7,25% | 509.220.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN07) | 90,50 | 5,70% | 422.652 | 24.218.614 | 393.090 | 2,42% | 1.001.835.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN08) | 90,00 | 5,36% | 951.818 | 53.562.161 | 869.523 | 6,01% | 891.135.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN09) | 88,00 | 5,60% | 6.249.337 | 342.794.509 | 5.573.052 | 26,39% | 1.298.880.000 |
| Обврзници на РМ за денационал. (RMDEN10) | 87,49 | 5,36% | 1.849.534 | 103.348.387 | 1.679.988 | 19,40% | 532.682.865 |
| Обврзници на РМ за денационал.(RMDEN11) | 88,00 | 4,87% | 5.353.645 | 289.594.589 | 4.702.191 | 53,51% | 541.200.000 |

* Моделот на калкулација го покажува годишниот просечен принос до достасување на обврзници со рок на достасување над 1 година и е прилагоден на карактеристиките на обврзниците. Датум на пресметување е 28.12.2012 година, со последната просечна цена на тргување на обврзниците.

## 4.2. Нови котации

Во текот на 2012 година беше котирана Единаесетта емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија во вкупна номинална вреност од 10 милиони евра, со прв датум на тргување 16.05.2012 година.

## 4.3. Исклучувања од котација на хартии од вредност од Официјалниот Пазар

Во текот на 2012 година ниту една обврзница не беше исклучена од котација, а заради достасување беше отстранета од тргување Обврзница за денационализација од првата емисја на обврзници (со шифра на тргување RMDEN01) издадена од Република Македонија.

## 4.4. Активности во врска со котирани друштва

### *4.4.1. Објавување на финансиски извештаи*

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2012 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на ревидирани годишни финансиски извештаи за 2011 година.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех и биланси на состојба согласно Правилата за котација, сите друштва во предвидениот рок ги објавија неревидираните биланси на успех и биланси на состојба во 186 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

Во поглед на исполнување на обврската за објавување на финансиски план за 2012 година 23 котирани друштва објавија финансиски планови.

### *4.4.2. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2012 година објавија вкупно 315 информации поврзани со собранија на акционери и со одлуки на органите на управување на друштвата и 218 други ценовно чувствителни информации.

| Друштво | Други ценовно чувствителни информации | Информации поврзани со Собрание на акционери, одлуки на органите на управување и објавени финансиски извештаи |
|---|---|---|
| Алкалоид Скопје | 19 | 12 |
| Бетон Скопје | 8 | 13 |
| ВВ Тиквеш Скопје | 13 | 15 |
| Витаминка Прилеп | 3 | 13 |
| Гранит Скопје | 11 | 17 |
| ЕМО Охрид | 5 | 19 |
| Жито Вардар Велес | 2 | 15 |
| Жито Лукс Скопје | 1 | 10 |
| ЗК Пелагонија Битола | 14 | 26 |
| Интернешнел Хотелс Скопје | 4 | 11 |
| Комерцијална банка Скопје | 17 | 13 |
| Дуропацк Скопје | 6 | 15 |
| Македонијатурист Скопје | 6 | 30 |
| Макотекс Скопје | 1 | 11 |
| Макошпед Скопје | 2 | 10 |
| Макпетрол Скопје | 7 | 18 |
| Макстил Скопје | 1 | 13 |
| ОХИС Скопје | 6 | 15 |
| Охридска банка Охрид | 5 | 12 |
| Реплек Скопје | 2 | 32 |
| РЖ Институт Скопје | 4 | 15 |
| РЖ Интер-Трансшпед Скопје | 1 | 16 |
| РЖ Услуги Скопје | 7 | 21 |
| Скопски Пазар Скопје | - | 9 |
| Стопанска банка Битола | 9 | 41 |
| Тетекс Тетово | 18 | 17 |

| Друштво | Други ценовно чувствителни информации | Информации поврзани со Собрание на акционери, одлуки на органите на управување и објавени финансиски извештаи |
|---|---|---|
| Технометал Вардар Скопје | 7 | 12 |
| Топлификација Скопје | 22 | 13 |
| ТТК банка Скопје | 7 | 28 |
| Тутунски комбинат Прилеп | 7 | 27 |
| Фершпед Скопје | 4 | 14 |
| Хотели-Метропол Охрид | 4 | 9 |

### *4.4.3. Прекини на тргување*

Согласно точка 6.08. и 6.09. од Правилата за котација заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување, Берзата изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од следните друштва:

- Комуна АД Скопје, на 25.05.2012 година, со прекин од 50 минути;
- Макотекс АД Скопје на 29.06.2012 година, со прекин од 100 минути;
- ЕМО АД Охрид, на 12.07.2012 година, со прекин од 50 минути;
- ЕМО АД Охрид, на 01.10.2012 година, со прекин од 50 минути;
- ОХИС АД Скопје, на 05.11.2012 година, со прекин од 90 минути;
- ОХИС АД Скопје, на 28.11.2012 година, со прекин од 140 минути.

Тргувањето со акциите на наведените друштва продолжи по објавувањето на содржината на одлуките донесени на собранието на акционери на друштвото на СЕИ-НЕТ.

### *4.4.4. Изрекување на мерка Опомена на котирани друштва*

Во 2012 година за две котирани друштва Одборот на директори на Берзата изрече мерки опомена и јавна опомена согласно точка 9.02. став 1 алинеа а) и б) од Правилата за котација на Берзата заради непочитување на Правилата за котација од глава VI.

Имено, едното котирано друштво против кое Одборот на директори на Берзата изрече мерка јавна опомена, го објави неконсолидираниот Биланс на успех за период 01.01.-31.03.2012 година со 20 дена задоцнување, што не е во согласност со точка 6.09. став (2) од Правилата за котација.

Другото котирано друштво против кое Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена, ги објави неконсолидираниот и консолидираниот Биланс на успех за период 01.01.-31.03.2012 година со задоцнување од 73 дена со што ги прекрши одредбите согласно точка 6.09. подточка 2 од Правилата за котација.

#### *4.4.5. Промоција на котираните друштва*

Користејќи ги податоците од добиените ревидирани финансиски извештаи од котираните друштва за 2009, 2010 и 2011 година, како и податоците од тргувањето, Македонската Берза изработи публикација "Факти за котираните друштва" во која се прикажани податоци за котираните компании на Берзата за 2011 година. Фактите беа изготвени во електронска форма на 42 страници на македонски и англиски јазик. Публикацијата на 31.07.2012 година беше објавена на интернет страницата на Македонската берза. Со ваквата дополнителна промоција на работењето на котираните компании, котираните друштва уште повеќе се приближија до пошироката инвеститорска и медиумска јавност. Во прилог на оваа констатација треба да се нагласи фактот што објавените "Факти за котираните друштва" како документ беа преземени од интернет страната на Македонската берза повеќе од 500 пати.

#### *4.4.6. Пуштена во употреба новата верзија на СЕИ-НЕТ*

Почнувајќи од 01.02.2012 година започна со функционирање новата верзија на системот за објавување на известувања од котираните друштва СЕИ-НЕТ. Новостите и предностите од воведувањето на новата верзија на СЕИ-НЕТ системот се:

- Пристапувањето кон системот се врши преку стандардна интернет страница (а не преку апликација инсталирана на компјутер на друштвото како што беше претходно), со што се воведува флексибилност при поднесувањето на објавите;
- Се поедноставува процесот на внес на објави;
- Заради зголемена контрола на процесот на внес на податоци, воведени се два профила на корисници:
    - корисници кои имаат овластување за внес и поднесување на документи за објава;
    - корисници кои немаат пристап на системот, но ќе бидат известувани по е-маил за статусот на објавите;
- Друштвото може да располага со најмногу три кориснички имиња и лозинки, кои ќе имаат овластување за внес и поднесување на документи за објава;
- Активностите во СЕИ-НЕТ системот се следени преку испраќање на е-маил пораки кои се испраќаат на корисниците со право на внес на податоци од котираните друштва;
- Корисници кои имаат овластување за внес и поднесување на документи за објава ќе можат да ги менуваат лозинките за пристап во системот, како и е-маил адресите на кои ќе се испраќаат е-маил пораките; и
- Корисниците ќе добиваат три типа на е-маил пораки и тоа: при поднесување на барање за објава до Берзата, при објава на документот на интернет страната www.seinet.com.mk и при евентуално одбивање на барањето за објава од страна на Берзата.

# 5. ЧЛЕНСТВО

## 5.1. Членки на Берзата

Во текот на 2012 година на две членки трајно им престана членството во Берзата, а една членка доброволно истапи од членство, како последица на што на крајот од 2012 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 15, од кои 5 се банки, а 10 се брокерски куќи.

Состојбите со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје во текот на 2012 година се презентирани во следнава табела:

<table>
<tr><th colspan="4">Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје</th></tr>
<tr><td colspan="2">• Број на членки на Берзата на почеток на 2012 година</td><td colspan="2">18</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Привремено исклучување од членство</td><td>Назив</td><td>Датум на привремено исклучување од членство</td><td>Датум на повторно стекнување на статусот на членка</td></tr>
<tr><td>Битола брокер АД Битола</td><td>29.05.2012</td><td>28.06.2012</td></tr>
<tr><td>Пеон Брокер АД Скопје</td><td>03.12.2012</td><td>03.01.2013</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Трајно исклучување од членство</td><td>Назив</td><td>Датум на трајно исклучување од членство</td><td>Шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>Бро-Дил АД Скопје</td><td>29.05.2012</td><td>БД</td></tr>
<tr><td>Битола Брокер АД Битола</td><td>19.10.2012</td><td>ББ</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Мирување на членство</td><td>Назив</td><td>Датум на почеток на мирување</td><td>Датум на престанок на мирување</td></tr>
<tr><td>Илирика Инвестментс АД Скопје</td><td>05.03.2012</td><td>14.03.2012</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Доброволно истапување од членство</td><td>Назив</td><td>Датум на почеток на истапување</td><td>Шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>Охридска банка АД Охрид</td><td>10.11.2012</td><td>ОХ</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Број на членки на крај на 2012 година</td><td colspan="2">15</td></tr>
</table>

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2011 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| | |
| 1. Алта Виста Брокер АД Скопје | АВ |
| 2. Еуро Брокер АД Скопје | ЕУ |
| 3. Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| 4. Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| 5. Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| 6. Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| 7. Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| 8. Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| 9. МОЈ Брокер АД Скопје | МО |
| 10. НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН |
| 11. ПЕОН Брокер АД Скопје | ПЕ |
| 12. Поштел Брокер АД Скопје | ПТ |
| 13. Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| 14. ТТК Банка АД Скопје | ТК |
| 15. Централна кооперативна банка АД Скопје | СЛ |

## 5.2. Овластени брокери

Во 2012 година состојбата со статусот на овластените брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Овластени брокери со право на пристап до БЕСТ** | |
|---|---|
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на почеток на годината | **55** |
| | |
| Број на овластени брокери кои се стекнале со правото за пристап до БЕСТ системот | **2** |
| Број на овластени брокери на кои им е суспендирано правото за пристап до БЕСТ системот | **9** |
| Број на овластени брокери на кои им е активирано суспендираното право за пристап до БЕСТ системот | **5** |
| | |
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на крај на годината | **53** |

Во текот на 2012 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

# 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2012 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата, теренска и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Врз основа на претходно спроведените контроли во 2011 година (при што, против две членки беа изречени дисциплински мерки) во 2012 година Берзата изврши вонтеренска проверка на документацијата на овие членки и од увидот во документацијата беше заклучено дека не постојат неправилности во работењето на членките.

Врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2012 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, беше предвидено е контролите на членките на Македонската берза во текот на 2012 година да се вршат првенствено преку теренска контрола на членките на Берзата базирана на принципот на постоење ризик (risk based approach). Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли на 9 членки на Македонската берза во 2012 година. За спроведените контроли беа изготвени записници, и истите, во предвидениот рок, беа доставени до членките на Берзата. Во предвидениот рок за доставување приговори по записник, ниту една членка не достави приговор, по што, Берзата подготви Извештај за извршените контроли и истиот беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата.

Берзата во 2012 година, на барање на Комисијата за хартии од вредност изврши и вонтеренска контрола врз членките-учеснички од куповна страна во трансакциите со акциите на Интернешенал Хотелс АД Скопје, склучени во текот на Ноември и Декември.

# 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2012 година, сумарно се прикажани преку следните области:

## 7.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност, во текот на 2012 година беа направени измени во неколку акти на Берзата, и беа донесени неколку нови интерни акти.

### *7.1.1. Правила за тргување на Берзата*

Во текот на 2012 година, во три наврати беше интервенирано во текстот на Правилата за тргување на Берзата, преку донесување на одлуки од страна на Одборот за директори за измени и дополнувања на овие Правила. Имено, на почетокот на годината, поради најавата

од Фондот на ПИОМ за продажба на акциите кои Фондот ги поседува во домашните акционерски друштва по пат на јавни берзански аукции преку моделот продажба на парче, беше констатирано дека одредбата во точка 9.8., алинеја 7 од Анекс 2 од Правилата за тргување (Правила за организирање јавна берзанска аукција на акции во сопственост на државата) според која куповните налози не смеат да гласат на количина поголема од 0,1% од вкупната количина акции на која гласи продажниот налог при продажбата на акциите на ПИОМ по модел на парче, ќе доведе до генерирање на голем број на куповни налози, голем број на трансакции, непотребно обемни технички активности и генерирање на поголеми трошоци. Оттука, се наметна потребата од донесување на одлука со која се изврши бришење на наведената одредба од Анекс 2 од Правилата за тргување, со што се отстрани ограничувањето за количината на која ќе гласат куповните налози при продажбата на акциите на ПИОМ по модел на парче, односно се воведе можност куповните налози да може да гласат најмалку на една акција, а највеќе до количината на која гласи продажниот налог. Оваа Одлука беше донесена на седницата на Одборот на директори одржана на 25.01.2012 година и за истата е добиена согласност од Комисијата за хартии до вредност на 10.02.2012 година со Решение бр.УП1 08-8.

Следните две измени во Правилата за тргување на Берзата се направени согласно задолжувањата од страна на Комисијата за хартии од вредност. На ден 05.03.2012 година до Берзата беше доставено Решение бр.УП1 08-13 од 10.02.2012 година на Комисијата за хартии од вредност, со кое се наложува Берзата во рок од 15 календарски дена од приемот на истото, во Правилата за тргување и во Анексите кои се во прилог на Правилата да го уреди и на истоветен начин да го пропише начинот на внесување на дневните налози, особено упатувајќи на член 29, делот 8.8 од Анексот 3 и делот 7.8 од Анексот 4 на Правилата за тргување, што резултираше во донесување на Одлука бр. 02-442/1 од 16.03.2012 година за постапување по Решението бр. УП1 08-13 од 10.02.2012.

На 15.10.2012 година до Берзата беше доставено Решение бр. УП1 08-215 на Комисијата за хартии од вредност од 05.10.2012 година, со кое се наложува Берзата во рок од 15 календарски дена од приемот на истото да изврши измена на Анкес 2-Правила за организирање на јавна берзанска аукција на акции во сопственост на државата од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје. Целта на измената е да се овозможи во случаите кога Народна банка на Република Македонија, друг овластен државен орган или регулаторен орган (тело) се јавува како продавач, јавната берзанска аукција да биде успешна ако на неа како купувач се јавува најмалку едно лице кое добило претходна согласност од Народна банка на Република Македонија, друг овластен државен орган или регулаторен орган (тело) согласно закон. Одлука за постапување по Решението бр.УП1 08-215 од 05.10.2012 година на Комисијата за хартии од вредност беше донесена на 19.10.2012 година.

### *7.1.2 Измени во Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје*

На седницата на Одборот на директори одржана на 10.07.2012 година беше донесена Одлука бр.02-1068/1 за измени на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, која претставуваше видоизменета верзија на Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот на Берзата која беше доставена до Комисијата за хартии од вредност на 26.04.2011 година. Одлуката бр.02-1068/1 беше доставена за согласност до Комисијата за хартии од вредност на ден 24.07.2012 година. Постапката за давање согласност на Одлуката

бр.02-1068/1 беше запрена со Заклучок УП бр.08-198 од 24.08.2012 година на Комисијата за хартии од вредност со кој Комисијата ја задолжи Берзата да изготви анализа на неколку сегменти од предложените измени на надоместоците. Во меѓувреме, по претходно разгледување на потребите и можностите за намалување на надоместоците кои ги наплатуваат учесниците на пазарот на хартии од вредност од крајните корисниции, Владата на Република Македонија усвои заклучоци согласно кои им се укажува на Комисијата за хартии од вредност, Берзата и Централниот Депозитар, координирано да подготват нови тарифници во кои ги регулираат сопствените надоместоци, водејќи сметка за обезбедување на стабилни приходи на институциите. Оттука, поради отпочнување на заедничките активности на Берзата и Комисијата за хартии од вредност согласно заклучоците на Владата на Република Македонија што ќе резултираат во донесување на нов Тарифник на Берзата, Одборот на директори на Берзата заклучи дека побараната анализа согласно Заклучокот УП бр.08-198 од 24.08.2012 година на Комисијата за хартии од вредност не треба да се достави до истата.

### *7.1.3. Измени и дополнувања на други акти на Берзата*

На 24.02.2012 година Одборот на директори донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Македонска берза АД Скопје во насока на зголемување на ефикасноста во извршување на работните задачи во рамките на Дирекцијата за општи и административни работи на Берзата. На истата седница беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Правилниот за плати, наградување и финансиско напредување на вработените во Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје со која се изврши поместување на општиот распон на бодовната состојба во надолна линија, со што се обезбеди поголема флексибилност при пресметувањето на платите на вработените во Берзата во наредниот период, особено имајќи ги предвид негатвните промени во деловното окружување и финансиските резултати на Берзата.

Согласно Програмата за работа на Берзата за 2012 година, а со цел осовременување и ажурирање на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Берзата во светло на најновите измени во законската регулатива во областа на компаниското право и правото на хартии од вредност, како и зацврстување на постојните начела и принципи содржани во истиот согласно новите светски трендови во областа на корпоративното управување, во втората половина на 2012 година отпочнаа активностите за ревидирање на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје. За таа цел, Одборот на директори формираше Комисијата за ревидирање на Кодексот составена од претставнци од Берзата, котираните компании и експерти од областа на корпоративното управување, која до крајот на извештајниот период активно работеше на изменување и подобрување на Кодексот.

## 7.2. Седници на Собранието на акционери на Берзата

Во текот на 2012 година се одржаа две седници на Собранието на акционери на Берзата.

### *7.2.1. Редовната Годишна седница на Собранието на акционери*

Годишната седница на Собранието на акционери на Берзата се одржа на ден 28.05.2012 година и на истата беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2011 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2011 година, Финансиските извештаи за 2011 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2012 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2011 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2011 година, Одлука за распоредување на нераспределена добивка до 31.12.2011 година, Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда по годишна сметка за 2011 година и Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Македонска берза АД Скопје за 2012 година. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

Собранието на акционери на Берзата на одржаната седница ја верифицираше оставката на г-дин Кристијан Поленак од функцијата неизвршен/независен член на Одборот на директори и оставката на г-ѓата Елена Јакимовска Петровска од функцијата член на Одборот на директори и Извршен директор на Македонска берза АД Скопје. Воедно, заради пополнување на испразнетите места во Одборот на директори на Берзата, Собранието на акционери донесе Одлука за избор на неизвршен /независен член на Одборот на директори на Берзата согласно која досегашниот вршител на должноста неизвршен/независен член г-дин Александар Стојков беше избран за неизвршен/независен член и Одлука за избор на член на Одборот на директори согласно која г-ѓа Евита Иванова е избрана за член на Одборот на директори на Берзата.

### *7.2.2 Седница на Собранието на акционери на Берзата*

Со оглед на фактот што мандатот на членовите на постојниот состав на Одборот на директори истекуваше на 23.12.2012 година, се наметна потребата од одржување седница на Собранието на акционери на Берзата, заради избор на нов состав на Одборот на директори. Воедно, на 15.11.2012 година, група на акционери кои поседуваат мнозинство од вкупниот број на акции издадени од Македонска берза АД Скопје, доставија до Одборот на директори на Берзата Иницијатива за измена на Статутот на Берзата, со предлог наместо досегашните двајца извршни членови, во иднина Одборот на директори да биде составен од еден извршен член и истиот број неизвршни членови. Во рамките на Иницијативата за измена на Статутот, групата на акционери достави и предлог листа на осум кандидати за членови на Одборот на директори на Берзата, согласно иницираните измени на Статутот на Берзата, како и предлог Берзата да исплатува надоместоци за учество во работата на Одборот на директори само на независните членови. Во услови на влошен пазарен и деловен амбиент во кој работи Берзата, а со цел рационализација на нејзините расходи, Одборот на директори на Берзата ја прифати Иницијативата на групата на акционери за намалување на бројот на извршни членови на Одборот на директори и за намалување на трошоците на Берзата во однос на надоместоци на неизвршните членови на Одборот. Воедно, имајќи ги предвид компетенциите на предложените кандидати за членови на новиот состав на органот на управување на Берзата од Иницијативата, како и фактот дека истите се предложени од акционери кои поседуваат мнозинство од вкупниот број на акции издадени од Берзата,

Одборот на директори одлучи овие лица да ги предложи за избор како членови на Одборот на директори на Берзата пред Собранието на акционери.

Оттука, седницата на Собранието на акционери на Берзата се одржа на 23.12.2012 година и на истата беа донесени Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Македонска берза АД Скопје, Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје и Одлука за утврдување на месечен надоместок на неизвршните членови на Одборот. Притоа, имајќи го предвид датумот на престанок на мандатот на членовите на постојниот состав на Одборот на директори на Берзата, одредбите на важечкиот Статут на Берзата со кои се уредува составот на Одборот, како и фактот дека согласно Законот за хартии од вредност, сите измени и дополнувања на Статутот на Берзата подлежат на согласност од Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори одлучи да го предложи за избор како деветти член на Одборот на директори Извршниот директор Евита Иванова, заради целосна усогласеност на новиот состав на Одборот со важечкиот Статут на Берзата, со предлог мандатот на членот Евита Иванова да престане по добивање на согласност од Комисијата за хартии од вредност на предложените измени на Статутот на Берзата.

## 7.3. Промени во составот на Одборот на директори на Берзата

На 28.02.2012 година Извршниот директор на Берзата г-ѓа Елена Јакимовска Петровска поднесе неотповиклива оставка од функцијата Извршен директор и член на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје поради заминување на друга функција, на што следуваше потпишување на спогодба за раскинување на Договорот за уредување на односите помеѓу Македонската Берза АД Скопје и извршниот член на Одборот на директори – Извршен директор Елена Јакимовска Петровска и спроведување постапка пред Централен Регистар на Република Македонија со цел бришење на г-ѓа Елена Јакимовска Петровска како Извршен директор и член на Одборот на директори на Берзата од тековната состојба на Берзата.

Дополнително, поради поднесената оставка од страна на Извршниот директор на Берзата г-ѓа Елена Јакимовска Петровска, беа донесени одлуки со кои се направи промена во составот на Постојаната работна група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Берзата и Дисциплинската комисија на Берзата во кои истата таа беше член.

На Годишното Собрание на акционери на Берзата одржано на 28.05.2012 годна беа донесени одлуки со кои се комплетираше составот на Одборот на директор, односно г-динот Александр Стојков, кој дотогаш беше вршител на должноста неизвршен/независен член на Одборот на директори беше избран за неизвршен /независен член на Одборот, а г-ѓа Евита Иванова беше избрана за член на Одборот. Дополнително на седницата на Одборот на директори одржана на 29.05.2012 година, г-ѓата Евита Иванова беше избрана за извршен член на Одборот на директори Берзата, за што доби согласност од Комисијата за хартии од вредност на 15.08.2012 година.

На седницата на Собранието на акционери одржана на 18.12.2012 година, беше избран нов состав на Одборот на директори на Берзата поради истекот на мандатот на постоечкиот состав. На конститутивната седница на новиот Одбор на директори на Берзата одржана истиот ден, беа однесени одлуки согласно кои за Претседател на Одборот на директори е избрана г-ѓа Лидија Трајковиќ, а за извршни директори на Берзата повторно беа избрани г-дин Иван Штериев и г-ѓа Евита Иванова, соодветно на функциите кои дотогаш ги извршуваа.

Со оглед на тоа што промените во органот на управување на акционерските друштва се податоци кои согласно законските одредби се запишуваат во Централниот регистар на Република Македонија, Берзата редовно и навремено поднесуваше пријави за упис на соодветните промени во Одборот на директори во Централниот Регистар.

## 7.4. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

### *7.4.1. Редовна контрола од страна на Комисијата*

На почетокот на 2012 година, Комисијата за хартии од вредност го достави до Берзата Записник од редовната контрола на работењето на Берзата во 2011 година, спроведена на 21.12.2011 година, во кој не беше констатирана било каква неусогласеност на работењето на Берзата со Законот за хартии од вредност и подзаконската регулатива на Комисијата за хартии од вредност.

Редовната контрола на работењето на Берзата во 2012 година од страна на Комисијата за хартии од вредност беше направена на 26.12.2012 година.

### *7.4.2. Вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност со цел утврдување на пазарната капитализација*

На 11.01.2012 година Комисијата за хартии од вредност спроведе вонредна контрола на работењето на Македонска берза АД Скопје со цел утврдување на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2011 година, како основ за плаќање на надомест за надзор согласно важечкиот Тарифник на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на спроведената контрола, Комисијата за хартии од вредност изготви Записник бр.08-44/3 согласно кој Берзата е задолжена да плаќа месечен регулаторен надоместок во корист на Комисијата во текот на 2012 година во износ од околу 964.176,50 денари, што претставува дополнително зголемување во однос на висината на регулаторниот надоместок на Берзата во текот на 2011 година, (кое беше за 123% поголемо од 2010 година), во период кога Македонската берза се соочува со финансиски потешкотии како резултат на влошеното деловно окружување и намалените берзански провизии од страна на регулаторната институција.

Поради наведеното, како и поради начинот на извршената пресметка на пазарната капитализација на Берзата на последниот ден на тргување во 2011 година во Записникот бр.08-44/, Берзата на 26.02.2012 година поднесе Приговор против Записникот, кој беше одбиен од страна на Комисијата за хартии од вредност.

### *7.4.3 Непосредна вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност*

На ден 29.05.2012 година, од страна на Комисијата за хартии од вредност беше извршена непосредна вонредна контрола на работењето на Берзата со цел обезбедување на документација во врска со јавната берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции на издавачот Топлификација АД Скопје, која по барање на членката НЛБ Тутунска Банка АД Скопје беше објавена на интернет страницата на Берзата и во БЕСТ системот. При контролата, од страна на Берзата беше дадена на увид побараната документација и беа обезбедени копии од соодветните документи. Во врска со вонредната

контрола, Комисијата за хартии од вредност до Берзата достави Записник бр.08-1145/2 на ден 06.06.2012 година, во кој е истакната целта на контролата и е наведена контролираната документација, без констатирани наоди.

#### *7.4.4. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2012 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 7.5. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.6. Остварена комуникација со други институции и тела

#### *7.6.1. Допис до Владата на РМ и Министерството за финансии околу надпместокот за надзор*

При разгледување на финансискиот извештај за перидот Јануари-Јуни 2012 година на седницата на Одборот на дирктори одржана на 10.07.2012 година и прикажаната загуба во финансиското работење на Берзата во овој период од годината, Одборот на директори на Берзата заклучи дека е неопходно да се реактивираат претходните иницијативи на Берзата до надлежните државни институции, со цел нивно запознавање со моменталниот деловен и пазарен амбиент во кој функционира Берзата и нејзината моментална финансиска состојба и истакнување на потребата од преиспитување на сегашниот концепт на тарифирање на надоместокот за надзор на Берзата од Комисијата за хартии од вредност и разгледување на можноста за измени на Тарифникот на Комисијата за хартии од вредност со кој е утврден тој надоместок. За таа цел, кон крајот на месец Јули беа доставени дописи до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии во кои се изнесени податоци и показатели кои треба да се имаат предвид во рамките на актуелната иницијатива на Владата на Република Македонија за преиспитување на надоместоците кои ги наплаќаат учесниците на пазарот на хартии од вредност. Ист таков допис беше доставен и до Комисијата за хартии од вредноста на РМ.

## 7.7. Други нормативни активности

### *7.7.1. Активности во врска со поднесено Барање од ОИЛКО КДА Скопје за прием на тргување на акциите на ова командитно друштво со акции*

На ден 12.04.2012 година Берзата прими барање од ОИЛКО КДА Скопје за регистрирање на акциите издадени од ова командитното друштво со акции на Редовниот пазар на Берзата, на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување. Одборот на директори на Берзата го разгледа Барањето од ОИЛКО КДА Скопје и одлучи да иницира средба помеѓу Берзата, Комисијата за хартии од вредност и ОИЛКО КДА Скопје со цел преземање на активности за заедничко надминување на ова прашање кое се провлекува подолг временски период и кое е од значење за интегритетот на пазарот на хартии од вредност и идниот третман на акциите издадени од командитните друштва со акции на пазарот. Ваквата иницијатива беше одбиена од страна на ОИЛКО КДА Скопје, додека Комисијата за хартии од вредност не се произнесе по истата.

На 20.09.2012 година, ОИЛКО КДА Скопје повторно се обрати до Берзата со ургенција на претходното барање акциите издадени од друштвото да бидат регистрирани за тргување на Редовниот пазар на Берзата, при што во прилог на својот допис ОИЛКО КДА Скопје достави соодветна документација за статусот на регистрацијата на друштвото во Централниот Регистар на РМ и на акциите издадени од друштвото во евиденцијата на Централниот Депозитар за хартии од вредност, како и копија од договорот за основање на ОИЛКО КДА Скопје.

Имајќи го предвид наведеното, Одборот на директори на Берзата на 30.10.2012 година писмено се обрати до Комисијата за хартии од вредност со барање Комисијата повторно да се изјасни во однос на секундарното тргување со акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје, имајќи ја предвид приложената документација од друштвото, при што Одборот на директори ја извести Комисијата дека доколку истата не издаде формално решение за забрана за тргување со акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје, ќе се смета дека Комисијата заземала позитивен став дека со истите акции може да се тргува на Редовниот пазар на Берзата.

Водено, со цел создавање на услови за обезбедување на регуларност, транспарентност и заштита на интегритетот на пазарот на хартии од вредност при тргување со акции издадени од командитни друштва со акции, Одборот на директори на Берзата попрецизно го уреди постапувањето на членките на Берзата при иницијален прием од клиенти на налог за купување на акции издадени од командитни друштва со акции на Редовниот пазар на Берзата.

По ова, Комисијата не достави до Берзата решение за забрана за тргување со акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје туку со допис и укажа на Берзата дека истата како саморегулирачка организација има право независно да донесува одлуки и решенија во согласност со законите и актите на Берзата. Како резултат на сето ова, Берзата на 15.11.2012 година изврши прием на акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје на Редовниот пазар на Берзата, на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување, со шифра за тргување во БЕСТ системот OILK.

### *7.7.2 Постапување по Одлука на НБРМ за најнискиот апоен на денарите во промет*

Заради постапување по Одлуката бр.02-15/V-2/2012 на Народна банка на Република Македонија за најнискиот апоен на денарите во промет и нејзиниот допис до Берзата бр.9617/2 од 10.12.2012 година Одборот на директори на Берзата на 14.12.2012 година заклучи вредностите на берзанските трансакции кои Берзата ги доставува до ЦДХВ и до членките и вредностите на берзанските трансакции и на вкупниот промет во Берза-Нет, на интернет страницата на Берзата и во сите други статистички извештаи да бидат заокружувани согласно Одлуката на Народна банка на Република Македонија бр.02-15/V-2/2012 почнувајќи од 01.01.2013 година. Воедно, Одборот на директори заклучи истото заокружување да се применува по трансакција и при пресметување на износите на надоместоците за тргување кои ги наплаќа Берзата од своите членки.

### *7.7.3. Усвоен полугодишен извештај за работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија за период 01.01.20120 30.06.2012 година*

Согласно законските одредби, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 10.09.2012 година, неизвршните членови на Одборот на директори, во својство на надзорен орган на Берзата го усвоија Полугодишниот Извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2012 – 30.06.2012 година. Во извештајот се опфатени извршените поединечни ревизии во текот на првото полугодие во 2012 година врз основа на метод на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал избран по случаен избор и увид во документацијата поврзана со одредени активности од работењето на овие дирекции. При тоа утврдено е дека спроведувањето на активностите опфатени со ревизијата се врши во согласност со законските и подзаконските акти кои важат за соодветната пробематика, навремено, без утврдени грешки или пропусти од човечки или технички карактер и на начин кој обезбедува максимално намалување на ризиците карактеристични за работењето на овие дирекции. Исто така, утврдено е дека е обезбедена адекватна контрола на процесите и задоволително ниво на комуникација помеѓу вработените во Берзата согласно внатрешната организациона структура на Берзата.

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО ПРОДАЖБА НА БЕРЗАНСКИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2012 година, Македонската берза продолжи со активностите за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност на Берзата, преку продолжување на соработката со постојните дистрибутери и воспоставување на соработка со нови професионални дистрибутери, а со цел долгорочно зголемување на визибилноста и атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број регионални и меѓународни инвеститори.

Во рамките на соработката со Виенската берза во делот на меѓународната дистрибуција на берзански податоци, во текот на 2012 година беа реализирани стратешките определби за понатамошно проширување на мрежата на меѓународни вендори на берзанските податоци на Македонската берза. Имено, Виенската берза во текот на извештајниот период со меѓународни дистрибутери склучи еден договор за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од

вредност на Македонската берза во реално време Ниво 2, еден договор за дистрибуција на берзанските податоци на крајот на трговскиот ден и еден договор за дистрибуција на берзанските податоци со задоцнување.

Врз основа на наведеното, во прилог е презентирана вкупната состојба со дистрибутери што се претплатени за прием, односно прием и редистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност во сопственост на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2012 година:

| Локални дистрибутери | Тип на продукт |
|---|---|
| **МАПАС** | Реално време Ниво 1, без право на редистрибуција |
| **КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **НБРМ** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **КБ Прво пензиско друштво** | МБ НЕТ, без право на редистрибуција |
| **КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП** | Тикер, без право на редистрибуција |
| **Меѓународни дистрибутери** | **Тип на продукт** |
| **Thomson Reuters** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Teletrader** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Six Telekurs Ltd** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Bloomberg** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Меѓународни дистрибутери на инфраструктурата на Виенска берза** | **Тип на продукт** |
| **Frank Russell Company** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **FTSE International Limited** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **Interactive Data Corporation** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Microsoft Corp** | Податоци со задоцнување од најмалку 10 минути, со право на редистрибуција |
| **Morningstar Real-Time Data Ltd** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **SNL Financial** | Податоци со задоцнување од најмалку 10 минути, со право на редистрибуција |
| **Standard & Poor's Dow Jones Indices** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |

# 9. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

## 9.1. Активности поврзани со БЕСТ системот

Со цел превентивно и инвестициско одржување на системот за тргување Македонската берза АД Скопје на крајот на Јануари 2012 година потпиша нов договор за одржување на БЕСТ системот со компанијата Новита ДД Љубљана. Со овој договор, исто така, е предвидено и бесплатно добивање на сите нови „ниски” верзии на верзијата 2.х на БЕСТ системот.
Во текот на првиот квартал од 2012 година од страна на Новита ДД Љубљана беше изработена нова верзија на БЕСТ системот. Во оваа верзија беа отстранети некои неконзистентности во базата на податоци при реализација на системски блокови кои не ги афектираат Правилата за тргување, како и некои пријавени минорни грешки во FIX комуникацијата со дистрибутерите на берзански податоци.

## 9.2. Пуштање во продукција на новата верзија на СЕИ-Нет

На 01.02.2012 година беше пуштена во употреба новата верзија на Системот за електронски информации за котирани акционерски друштва СЕИ-Нет која во целост е изработена со расположиви ресурси на Берзата (човечки и технички). Од пуштањето во употреба на новата верзија до 31.12.2012 година извршени се 748 објави на македонски јазик и 107 објави на англиски јазик од страна на 32 котирани друштва, при што само 30 (4% од вкупниот број на објави) се реализирани со дополнителна обработка на примени материјали преку друг медиум (најчесто по факс или по пошта). Исто така, во текот на првиот квартал од 2012 година беше реализирана и надградба на овој систем со која се имплементира нова функционалност за додавање на можност за видео презентации на котираните друштва.

## 9.3. Редизајнирање на веб страницата на Берзата

Во Програмата за работа за 2012 година беше предвидено редизајнирање на веб страницата на Берзата. При изработката на новиот дизајн особено се обрна внимание на резервирање на соодветни места за комерцијални огласи без тоа да влијае на визибилноста на релевантните берзански податоци. Исто така, во текот на оваа операција беа реализирани минимални интервенции во програмската логика на постојната веб страница. Редизајнираната веб страница беше пуштена во употреба на 04.04.2012 година.

Во третиот квартал од 2012 година беа реализирани низа промени на веб страницата на Берзата кои се однесуваат на подобрување на перформансите и воведување на т.н. оптимизација за интернет пребарувачите (search engine optimization).

Паралелно со активностите поврзани со веб страницата на Берзата, а следејќи ги трендовите во технологијата и социјалните мрежи како алатка за масовно споделување и ширење на информациите од јавен карактер, Берзата отвори Twitter канал на следнава адреса http://twitter.com/#!/msemkd. На отворениот Twitter канал Берзата ги објавува сите информации за вести од Македонска берза, известувања од Системот за електронски информации од котирани акционерски друштва СЕИ-Нет и сите извештаи вклучувајќи дневна, неделна и месечна листа, како и сите објавени билтени. Преку Twitter каналот Македонската берза ќе

овозможи поголема транспарентност и отвореност да се споделуваат сите јавни информации помеѓу јавноста.

## 9.4. Тестирање на резервна локација

Во текот на вториот квартал од 2012 година беше реализирано тестирање на резервната локација сместена во просториите на КИБС АД Скопје. Тестирањето се одвиваше во две фази:

- интерно тестирање од страна на Берзата; и
- тестирање одржано на 05.06.2012 година во кое беа вклучени членките на Берзата.

При реализација на интерните тестови успешно беа извршени следниве активности:

- тестирање на опремата во резервната локација која се состои од сервери, свичови, медиа конвертори (fiber to Ethernet), безжичен рутер и др.;
- тестирање на процесот на премин на backup базата на податоци;
- тестирање на функционалноста на БЕСТ системот на резервната локација и
- тестирање на функционалноста на БерзаНет и БерзаНет Надзор.

Тестирањето во кое беа вклучени членките на Берзата ги опфати следниве активности:

- **Тестирање на брзина на одѕив на членките**
  Во овој дел се констатира дека само една членка (од вкупно 17 членки кои беа активни во тој период) воопшто не пристигна на резервната локација и не учествуваше во тестирањето, а сите други членки во утврдениот термин пристигнаа на резервната локација.

- **Тестирање на преносните компјутери**
  Во оваа фаза се тестираше компатибилноста на преносните компјутери на членките од аспект на можност за приклучување на веќе формираната безжична мрежа, при што се констатира дека само една членка поради некомпатибилен преносен компјутер не можеше да продолжи со тестирањето.

- **Тестирање на БЕСТ системот**
  Членките на Берзата во овој дел беа информирани за новите системски прилагодувања потребни за поврзување со БЕСТ системот во резервната локација. Исто така, по успешното приклучување во БЕСТ системот на резервната локација, членките ги реализираа следниве активности: внесување, промена, повлекување, задржување и пуштање на задржани налози, ревидирање и поништување на трансакции, реализација на системски блок трансакции и др. На крајот од овој дел беше реализирано официјализирање на денот на тргување и изработка на дневна листа.

По спроведеното тестирање можеше да се донесе заклучок дека сите предвидени активности успешно беа извршени. Треба да се напомене дека комуникациското поврзување на членките со ЦДХВ не беше тестирано поради непостоење на комуникациска линија помеѓу ЦДХВ и КИБС АД Скопје.

## 9.5. Тестирање на БЕСТ системот во виртуелно окружување

Во текот на 2012 година согласно со Програмата за работа за 2012 година, беа реализирани интензивни тестирања на БЕСТ системот во услови на виртуелно окружување. Акцент во овие тестирања беше ставен на употребата на т.н. технологија VM Ware Fault Tolerance, која овозможува во случај на испад на еден физички сервер, виртуелните машини кои оперираат на истиот веднаш и без никаков прекин во работењето (прекини во мрежните конекции и сл.) да бидат пренесени на друг соодветен физички сервер (zero downtime). Тестирањето се одвиваше во две фази и тоа:

1. Тестирање со креирање на паравиртуелно окружување на една физичка машина (ресурс на Берзата);
2. Теститрање на БЕСТ системот во реални услови (Proof of concept).

Во текот на тестирањата на оваа функционалност се покажа дека БЕСТ системот со сите негови компоненти успешно се пренесува на друг физички сервер без било какви прекини на комуникациите со конектираните (поврзаните) станици за тргување.

## 9.6. Изработка на извештаи за месечен билтен

По барање од Секторот за деловни операции беа изработени извештаи за генерирање на податоци за изработка на месечниот билтен на Берзата. По проверка на точноста на податоците, истите се инкорпорирани во БерзаНет Надзор при што процесот за изработка на месечниот билтен е оптимизиран од аспект на времето потребно за изработка на истиот, како и од аспект на точноста на податоците.

## 9.7. Дефекти на опрема

Во текот на 2012 година се случија неколку дефекти на опремата во систем салата на Берзата и тоа:

- *Дефект на систем за климатизација во систем сала* – расипани сензори за мерење на температура и мерење на висок притисок, при што истите се заменети со нови. Исто така, во текот на летните месеци дојде до избивање на заштитата за висок притисок, при што се извршија корекции на параметрите за работа на системот за климатизација, а истиот беше враќан во нормален режим на работа со употреба на системот за далечинска контрола и надзор;

- *Долготраен прекин со напојување на електрична енергија* - на 28 и 29.08.2012 година дојде до поголем испад на напојувањето со електрична енергија при што Берзата остана без напојување повеќе од 20 часа. Испадот се должеше на настанат пожар во трафостаницата од која Берзата се напојува со електрична енергија. Во текот на испадот сите системи на Берзата беа целосно активни и се напојуваа од дизел агрегатот;

- *Дефект на file сервер* –расипани 3 дискови и RAID controller. Поради сериозноста на овој дефект, целата оперативна работа на серверот за податочни датотеки времено е пренасочена преку серверот за база на податоци на интернет продуктите на Берзата;

- *Дефект на уред за архивирање на податоци на магнетна трака* – поради дотраеност и интензивна употреба на овој уред дојде до негово расипување при што времено, како

алтернатива, се употребуваше backup на дискови. Оваа состојба е надмината со ургентни набавки реализирани на крајот на 2013 година.

- *Дефект на секундарен сервер за FIX конекции на дистрибутери на податоци* – поради дотраеност на овој сервер дојде до дефект на истиот. Овој сервер моментално е заменет со desktop компјутер.

## 9.8. Реализирани ургентни набавки

Во Програмата за работа за 2012 година на Македонската Берза АД Скопје беа предвидени набавки на два нови комуникациски сервери во вредност од 10.000 евра. До крајот на годината оваа набавка не беше спроведена поради направените успешни обиди да се пренасочат овие ресурси на постоечки со помал капацитет, а со цел рационализирање на трошоците и финансиските средства на Берзата. Воедно, во текот на 2012 година настанаа повеќекратни непредвидливи дефекти на file серверот предизвикани од корозија во делот на системот за чување на податоци (тврди дискови и контролер), при што и покрај замената на деловите во гаранциски рок, новите делови повторно се расипуваа, со што доверливоста на овој сервер беше значително намалена и истиот беше ставен надвор од употреба. Исто така, во текот на годината направена е процека дека е потребно да се промени backup стратегијата, при што дополнително почнаа да се вршат диференцијални backup записи на серверот за БерзаНет, со што употребливиот дисковен простор на овој сервер се намали. Во текот на годината дојде и до расипување на снимачот за камерите од видео надзорот во зградата на Берзата, при што неговото сервисирање беше финансиски неоправдано. Дополнително, се одлучи да се раскине договорот за физичко обезбедување на зградата на Берзата од 01.01.2013 година со цел намалување на трошоците, подари што беше потребно да се инсталира видеофонски систем.

Поради горенаведените околности, како и со цел обезбедување на квалитетно техничко окружување за работењето на Берза во наредната 2013 година, во последниот квартал беа реализирани следниве итни набавки:

1. *Надградба на file сервер;*
2. *Набавка на систем за чување на податоци;*
3. *Набавка на снимачот за камерите од видео надзор;*
4. *Набавка и инсталација на видеофонски систем;*
5. *Набавка на рутер.*

Вкупниот трошок на извршените ургентни набавки изнесуваше 302.766 денари. Целокопната набавена опрема по нејзиното тестирање и конфигурирање ќе биде ставена во употреба на почетокот од првиот квартал од 2013 година.

## 9.9. Активности поврзани со набавка или изработка на апликација за брокерско работење

На почетокот на 2012 година, а согласно Програмата за работа на Берзата за 2012 година, се стапи во контакт со моменталниот добавувач на Back Office апликација за брокерско работење на повеќето членки на Берзата, при што се одржаа низа на состаноци на кои беше преговарано

за условите за купување на старата верзија од страна на Берзата, изработка на нова верзија, за сопственоста на апликациите, како и за условите за гаранции на апликациите и нивното одржување. Паралелно со овој процес се изврши драфтирање на предлог договор, а по добиените мислења и сугестии од добавувачот на Back Office апликацијата за брокерско работење во врска со истиот, беше заклучено дека истите не се во согласност со зацртаните деловни планови на Берзата, заради што преговорите не резултираа со позитивен исход.

Исто така, во текот на 2012 година по иницијатива на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на РМ околу оваа проблематика беа реализирани два состаноци со претставници од групацијата и Берзата.

## 9.10. Активности поврзани со намалување на трошоците за мобилна и фиксна телефонија, како и намалување на трошоците за интернет

Во овој домен се направени дополнителни анализи и проценки на потребите, при што се заклучи дека се можни намалувања на трошоците за:

- фиксна телефонија – со намалување на бројот на активни линии и намалување на бројот на линии резервирани за backup на изнајмените линии за членките;
- мобилна телефонија – со промена на тарифните модели;
- интернет – со намалување на капацитетот на постојниот линк кој е реализиран преку Македонски Телеком АД, при што истиот се дедицираше само за сервисите хостирани на Берзата, а другите потреби за интернет се реализираа преку нов линк од друг интернет провајдер.

Се очекува како резултат на овие активности и потпишаните нови договори во месец Декември 2012 година значително да се намалат трошоците на Берзата во овој дел во текот на 2013 година.

# 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 10.1. Тренинг центар на Македонска берза АД Скопје

Во рамките на своите заложби за перманентен развој на македонскиот пазар на хартии од вредност, а со цел зајакнување на капацитетите на постојните и потенцијални учесници на пазарот на хартии од вредност во областа на тргувањето со хартии од вредност, финансиските инструменти и други релевантни теми од областа на финансиите, Македонската берза АД Скопје во изминатиот период работеше на воспоставување на свој Тренинг центар. Поставувањето на Тренинг центарот беше проект реализиран со поддршка на Европската банка за обнова и развој, а во неговата конкретна имплементација беа вклучени консултанти од конзорциумот на Виенската берза CAPMEX. Иницијално се дефинираа седум обуки кои ќе бидат опфатени со Тренинг центарот: Принципи на пазарите на капитал; Планирање на лични финансии; Корпоративно финансирање; Инвестициско банкарство; Анализа на финансиски извештаи; Објавување на информации и односи со инвеститори и Фјучерси и опции. Беше направен избор на 15 локални експерти кои од страна на странски консултанти беа обучени за локални предавачи кои ќе ги држат обуките

во рамките на Тренинг центарот, а воедно беше направен и превод на сите материјали за овие обуки.

На 27.06.2012 година во просториите на Македонската берза беше одржана прес конференција по повод воспоставувањето на Тренинг центарот на Македонска берза АД Скопје.

На 18.10.2012 година со обуката на тема „Принципи на пазарите на капитал„ се означи официјалниот почеток со работа на Тренинг центарот на Македонска берза. Вкупно околу 80 посетители (студенти, индивидуални инвеститори, претставници на трговски друштва) имаа можност, покрај обуката за принципите на пазарите на капитал, до крајот на годината да проследат уште три обуки наменети за пошироката, како и за стручната инвеститорска јавност: Планирање на лични финансии, Инвестициско банкарство и Објавување на информации и односи со инвеститори. Берзата на учесниците на обуките им додели и сетрификати за посета на обуките организирани во рамките на Тренинг центарот.

Како една од последните активности од реализацијата на проектот Тренинг центар на Македонска берза беше и изготвувањето на прирачникот за самостојно учење "Тргување со хартии од вредност" кој на сите заинтересирани учесници на пазарот на хартии од вредност ќе им користи како наставен материјал за изучување на теми од областа на тргувањето со хартии од вредност. Во текот на месец декември Прирачникот беше финализиран и истиот беше регистриран во Националната универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", по што следеше негово печатење. Истиот во иднина ќе се нуди на продажба, при што учесниците на обуките ќе имаат повластени услови при купување на прирачникот.

## 10.2. Настани во организација на Берзата

- Во рамките на повеќегодишната соработката која што Македонската берза ја остварува со голем број образовни институции во Република Македонија во текот на 2012 година беа остварени посети од страна на повеќе средни училишта, факултети, универзитети и институти и на покана на неколку факултети беа организирани предавања за нивни студенти. За време на овие посети голем број на ученици и студенти (од редовните и постдипломските студии) имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, а посебен осврт беше ставен на улогата и функцијата на Македонската берза. Посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на којшто се реализираат купо-продажните налози за дадени хартии до вредност.

- Во рамките на соработката помеѓу Македонската берза и Економскиот факултет при УКИМ Скопје Берзата во текот на месец јули организираше практикантска настава за време на која практикантот имаше можност да се запознае со организационата поставеност на Берзата и со активностите кои ги вршат одделните сектори и дирекции.

- Берзата во соработка со консултантите ангажирани од страна на конзорциумот на Виенската берза CAPMEX на 28.02.2012 година организираше работилница на тема "Корпоративно

финансирање". Работилницата ја водеа истакнати експерти од областа на корпоративното финансирање од Унгарија и Хрватска.

## 10.3. Учество на конференции, семинари, обуки

- На 05.04.2012 година во Скопје се одржа настанот посветен на размена на бизнис искуства организиран од страна на CEED Top Class програмата – генерација 5 насловен "Како да се привлече капитал за развој". На покана на организаторот учество на настанот имаше Главниот извршен директор на Македонската берза со презентација на можноста за финансирање на развојот на компаниите преку берза по пат на издавање на хартии од вредност (ИПО), како и за предностите од берзанска котација.

- Во организација на AIESEC Скопје од 20-22.04.2012 година се одржаа Денови на кариера чија цел е спојување на студентите со македонскиот бизнис сектор, како и нивна едукација за можностите и начините за започнување на кариера. Претставник од Берзата одржа предавање на тема "Тргување со хартии од вредност и берзата како извор за финансирање на компаниите".

- На покана на Комисијата за едукација при Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), а во рамките на предавањата за континуирана едукација за овластените ревизори, претставник на Берзата на 28.06.2012 година одржа презентација посветена на обврските за известување на котираните компании и друштва со посебни обврски за известување кон Комисијата за хартии од вредност.

- Во организација и со финансиска поддршка на берзата во Техеран и Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС) во текот на месец ноември во Техеран, Иран се одржа втората практична тренинг програма на ФЕАС наменета за претставници на членките на Федерацијата на која учествуваше и претставник од Македонската берза. Учеството на оваа обука беше во најголем дел финансирано од страна на Федерацијата.

- Во рамките на Глобалната недела на претприемништво што се одржа од 11-18.11.2012 година во организација на Фондацијата Претприемачки сервис за млади, на покана на организаторот учество имаше и претставник на Македонска берза. За време на настанот насловен како „Бизнис вмрежување" што се одржа на 12.11.2012 година, Извршниот дирекор на Берзата во улога на ментор оствари средби со повеќе млади потенцијални претприемачи и ја промовираше Берзата како место каде што можат да се реализираат одредени бизнис проекти.

- Во текот на извештајниот период претставници на Македонската берза зедоа учество на предавања и семинари од областа на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност и на измените во даночната регулатива.

## 10.4. Заедника програма за едукација

Согласно Заклучокот на Владата на РМ со кој се иницираше изготвување на заедничка Програма за едукација на потенцијалните издавачи на хартии од вредност и потенцијалните инвеститори, во чија реализација треба да бидат вклучени Комисијата за картии од вредност, Македонската берза и Централниот депозитар за хартии од вредност, во текот на ноември и декември 2012 година се одржаа повеќе состаноци на претставници од овие институции на кои беа утврдени целите на програмата, целните групи кои ќе бидат опфатени со истата и начините на реализација на едукацијата на овие групи. Следуваат активности за утврдување на Акцискиот план согласно кој ќе бидат реализирани планираните едукативни и промотивни активности во текот на 2013 година.

# 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Годишна конференција на Македонска берза

На 04.05.2012 година во Скопје се одржа 13-тата по ред годишна конференција на Македонската берза АД Скопје. Конференцијата беше отворена со воведните обраќања на Заменикот на Претседателот на Владата на РМ и Министер за финанасии на РМ, М-р Зоран Ставрески, Гувернерот на Народната банка на РМ, М-р Димитар Богов и Главниот извршен директор на Македонската берза, г-дин Иван Штериев. Во текот на работниот дел на конференцијата, низ организирани дебати и панел дискусии, можеа да се чујат размислувањата на реномирани домашни и странски експерти во врска со глобалните и локални макроекономски состојби и нивната рефлексија на пазарите на капитал, иднината на бизнис-моделите на берзите, како и нивните видувања за значењето и улогата на пост-трговската инфраструктура во националното и прекуграничното тргување со хартии од вредности. Присутните имаа можност да ги проследат говорите и презентациите на директорите на берзите во Турција, Словенија и Бугарија, директорот на Централниот депозитар за хартии од вредност на Хрватска, Главниот извршен директор за стратешки инвестиции во инвестициската банка Морган Стенли и Главниот консултант одговорен за берзански солуции од NYSE Euronext.

За време на конференцијата Македонската берза по петти пат ги додели признанијата за најтранспарентно котирано друштво на Македонска берза – "Кристално звоно" и за најдобар научно-истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност. Наградата „Кристално звоно„ ја доби Алкалоид АД Скопје, додека за најдобар истражувачки труд беше прогласен трудот "Макроекономски детерминант за развој на пазарот на капитал во Република Македонија" на г-дин Милан Елисковски.

Благодарение на обезбедената поддршката од спонзорите (златен спонзор - Микрософт Македонија, сребрен спонзор – САГА Македонија и спонзорите Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, како и медиумските покровители Капитал Медиа Груп и Алфа Телевизија), Македонската берза успешно ја организираше конференцијата, задржувајки го стандардното ниво и квалитет, без притоа да предизвика трошење на сопствени финансиски средства.

## 11.2. Промоција на Тренинг центарот на Македонска берза

- Во текот на извештајниот период беа преземени бројни активности кои имаа за цел промоција на Тренинг центарот на Македонска берза АД Скопје и на обуките што се организираат во рамките на истиот:

  - На официјалната веб страницата на Берзата се креираше посебна содржина каде посетителите имаат можност подетално да се запознаат со целите и темите на обуките кои ќе бидат организирани во рамките на Тренинг центарот;
  - Беше креирана и активирана и посебна страница на социјалната мрежа Facebook преку која пошироката јавност ќе се информира за сите новини во врска со Тренинг центарот.
  - Во рамките на соработката што Македонска берза ја има со повеќе медиуми беа реализирани следните активности:

    - За секоја од обуките организирани во периодот октомври –декември 2012 година на Алфа телевизија се емитуваше рекламен спот според однапред договорен медиа план.
    - Во неделниот весник Капитал беше закупен рекламен простор со цел промовирање на обуките, а на веб страницата беше поставен банер со линк за Тренинг центарот.
    - се склучија договори за соработка со Медија Принт Македонија и со интернет порталот Фактор за објавување на рекламни банери на електронското издание на весникот "Дневник" и на порталот Фактор;

  Соработката којашто Берзата ја воспостави со дадените медиуми, а која се однесуваше на отстапување на простор за рекламирање и промоција на обуките организирани во рамките на Тренинг центарот, беше договорена така да за возврат на добиените услуги Берзата им овозможи користење на некој од комерцијалните продукти за дистрибуција на берзански податоци и организирање бесплатни обуки за претставници на овие медиуми, односно не доведе до одлив на готовински средства на Берзата.

## 11.3. Промоција на можностите за интернет рекламирање

- Македонската берза на 04.04.2012 година во употреба ја пушти редизајнираната интернет страница (www.mse.mk), во која покрај подобрениот дизајн беа дефинирани и одредени стандардни позиции и димензии на рекламните банери кои се користат во интернет рекламирањето. Воедно, беа променети и Општите услови за комерцијално огласување на истата во насока на нивно подобрување. Беше остварен контакт и со неколку маркетинг агенции и неколку реномирани компании со цел презентација на новите и подобрени услови за комерцијалмо огласување на официјалната веб страница на Берзата. Во текот на извештајниот период беше закупен рекламен простор за комерцијално огласување за клиентите Т-Мобиле и Комерцијална банка АД Скопје.

# 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2012 година активностите на Македонската берза на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

## 12.1. Соработка со берзите од Југоисточна Европа

- Берзите од Југоисточна Европа го потпишаа Анексот кон Меморандумот за партнерство со кој се продолжија активностите и во текот на 2012 година во доменот на организирање на инвеститорски конференции;

- Под покровителство на УСАИД и Регионалниот Совет за Соработка берзите од Југоисточна Европа на 27.03.2012 година во Сараево потпишаа Платформа за заедничко дејствување што претставува нов обид за поцврсто поврзување на регионалните берзи. Сличен документ имаат потпишано и сите национални регулаторни тела во овој регион. Како дел од активностите предвидени со потпишаната Платформа во текот на извештајниот период беа реализирани следните активности:

  - Во организација и со финансиска поддршка од УСАИД Партнери за финансиска стабилност проектот, во текот на месец мај се реализираше студиски престој во балтичките и скандинавските земји. За време на студискиот престој учесниците имаа можност да проследат низа презентации во организација на NASDAQ OMX групацијата за начинот и моделот на функционирање на регионалното поврзување на балтичките пазари на капитал, како и презентација на на новиот предлог - модел за соработка на берзите од Југоисточна Европа што го изготвија консултантите ангажирани од УСАИД;

  - На 29.06.2012 година во Загреб се одржа работен состанок на берзите, регулаторите и депозитарите за хартии од вредност на земјите од Југоисточна Европа околу имплементацијата на предложениот модел за регионално поврзување на пазарите на капитал;

  - На 09.07.2012 година во Скопје, во просториите на Македонска берза, се одржа состанок на директорите на берзите од Југоисточна Европа на кој беа донесени неколку заклучоци за понатамошно дејствување. Меѓу другото, беа избрани членовите на Надзорниот комитет на овој проект во кој е вклучена и Македонската берза и беше заклучено работата да биде организирана во три работни групи (работна група задолжена за информатичка технологија, работна група задолжена за правни прашања и работна група задолжена за пазари и продукти). Воедно, беше финализиран текстот на Маморандумот за соработка на овие берзи за нивно заедничко дејствување.

  - Во текот на месец ноември 2012 година беше одржан состанок на претставниците на берзите од Љубљана, Загреб, Белград и Скопје како членки на Надзорниот комитет во врска со понатамошната имплементација на овој проектот.

- На 04.05.2012 година во Скопје, Претседателот и Главен извршен директор на Инстанбулската берза г-дин Ибрахим Турхан и Главниот извршен директор на Македонската берза г-дин Иван Штериев потпишаа Меморандум за разбирање. Потпишувањето на овој Меморандум претставува израз на заеднички интерес и волја на двете берзи за воспоставување поблиска билатерална соработка во повеќе области од берзанското работење.

## 12.2. Настани во рамките на Федерацијата на Евроазиски берзи

На 25.05.2012 година во Истанбул, Турција се одржа првиот инвеститорски самит на берзите од евроазискиот регион, како и пролетниот Работен комитет на Федерацијата на Евроазиски берзи (ФЕАС) на кој учествуваше и претставник од Македонската берза. Во периодот од 19-21 септември 2012 година во Софија, Бугарија, се одржа Годишното собрание на Федерецијата на Евроазиски берзи (ФЕАС) на кое зедоа учество претставници од Македонската берза. Од овогодинешното Собрание произлегоа неколку покрупни промени во самата Федерација кои се однесуваат на начинот на нејзиното организирање и финансирање, промена на методологијата на пресметување на износот на членарина во Федерацијата, можноста за стекнување на статус придружна членка, ограничување на мандатот на претседателот на Федерација на два мандати, формирање на ново тело - Извршен Одбор во кој за член е избрана и Македонската берза итн. Трошоците за учество на овие настани во целост беа покриени од Федерацијата.

## 12.3. Учество на меѓународни конференции

- Од 20-22.03.2012 година во Истанбул, Турција, се одржа Светскиот берзански конгрес, еден од најголемите и најважните собири на експерти од светот на берзите. На покана на организаторот, Главниот извршен директор зеде учество во две панел дискусии во рамките на програмата на конгресот насловена како “Фокус кон пазарите во појавување” (“Emerging markets focus”). Воедно, посетата на Истанбул беше искористена и за разговори со новото раководство на Истанбулската берза со кое се договори потпишување на Меморандум за соработка.

- На покана на Бугарската берза претставник на Македонската берза присуствуваше на прославата на јубилејот 20 години од основање на модерната берза на хартии од вредност во Република Бугарија што се одржа на 14.06.2012 година во Софија, Бугарија.

- На 24-25.09.2012 година во Истанбул, Турција, се одржа третиот инвестициски самит во организација на Истанбулската берза на кој присуствуваат водечки луѓе на голем број значајни финансиски институции на кој, по покана на берзата од Истанбул, зеде учество претставник на Берзата. Трошоците за учество и сместување беа покриени од страна на организаторот.

- Од 18-21.10.2012 година во Охрид во организација на Македонија 2025 се одржа првиот Глобален инвестициски самит за Македонија. Целта на Самитот беше да ги зајакне и да ги унапреди врските помеѓу глобалната македонска заедница и бизнисите во Македонија, како и да ги презентира македонските инвестициски можности пред претставниците на македонската дијаспора и другите потенцијални инвеститори. На еден од панелите

посветен на финансирање на инвестициите и извозот зеде учество и Главниот извршен директор на Берзата.

- Во текот на месец октовмри на покана и во финансиска и логистичка организација на УСАИД Главниот извршен директор изврши презентација на македонскиот пазар на хартии од вредност во Приштина. Настанот беше искористен и за повеќе средби со претставници на финансискиот сектор во Косово.

# 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2012 ГОДИНА

Во 2012 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупни приходи** во износ од **50.387.662 денари** и истите е за 1% повисоки во однос на остварените во 2011 година. Но доколку се изврши прилагодување на вкупните приходи во 2012 година за приходите од грантот што Берзата го доби од Европската банка за обнова и развој како финансиска поддршка за воспоставување на Тренинг центарот на Македонска берза АД Скопје во износ од 13.810.593 денари (за коишто има соодветен расход) вкупните приходи во 2012 година изнесуваат 36.577.069 денари што претставува намалување од 26,77% во однос на лани, што во најголем дел се должи на намалените приходи од надомест за тргување за 39% во споредба со минатата година.

Приходите остварени од камата изнесуваат 3.207.844 денари и претставуваат 6,37% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки, камата на депозити по видување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Зголемувањето на овие приходи од 13% во однос на претходната година се должи на зголемување на износот на пласираните средства оваа година во однос на лани, како резултат на прилив на парични средства заради враќање на повеќе платен данок од добивка. На 31.12.2012 година Берзата има денарски депозити орочени на 3, 6 и 12 месеци во следните банки Комерцијална банка (13 милиони денари), Стопанска банка (10 милиони денари), Еуростандард банка (10 милиони денари), Халк банка (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија (10 милиони денари), ТТК банка (3,1 милиони денари) и Охридска банка (8,5 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 4 % до 5%.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 25.822.149 денари и се за 33% пониски во однос на истите во 2011 година. Подолу се презентирани подетално сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на надоместоци за членство во вкупен износ од 4.469.605 денари и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи намалување од 9% во споредба со истите лани, поради тоа што во вториот квартал од 2012 година се отвори постапка за ликвидација над брокерската куќа Бро-дил, а постапка за ликвидација над брокерската куќа Битола брокер се отвори во последниот квартал од 2012 година. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 8,9%.

- Најголемиот дел од приходите на Берзата во 2012 година во износ од 18.952.544 денари или 37,61% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување. Овие приходи се за 39% пониски во однос на остварените во 2011 година. Кај приходот по

основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 32,1% (од 7.768.657 денари во 2011 година на 5.271.550 денари во 2012 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 60,7% (од 16.415.448 денари во 2011 година на 6.443.736 денари во 2012 година), а приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи зголемување од 13%. Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат незначително зголемување од 0,8%.

- Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 2.400.000 денари или 4,76% од вкупните приходи. Овие приходи се за 4% пониски во споредба со 2011 година, поради намалување на бројот на друштвата што котираат на официјалниот пазар во текот на 2011 година од 34 на почетокот на годината на 32 друштва на 31.12.2011 година. Во 2012 година нема намалување на бројот на котирани друштва.

Во 2012 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 7.547.077 денари, што се за 10% пониски во споредба со истите во 2011 година како последица на влошување на деловнниот амбиент во кој функционираше Македонската берза во 2012 годдина. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, наплатени сомнителни и спорни побарувања, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи од котизација на посетители на годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од 2.719.109 денари (истите во 2011 година изнесуваа 2.853.768 денари); приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.792.236 денари (во 2011 година изнесуваа 1.886.698 денари), приходи од донација на софтвер во износ од 1.554.324 денари (остварен е и соодветен расход како амортизација на софтверот), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 545.824 денари (во 2011 година 753.288 денари) и приход од котизација и спонзорство за годишната конференција на Македонска берза во износ од 662.670 денари (во 2011 година изнесуваа 839.029 денари).

Остварен е приход од грант од Европската банка за обнова и развој во износ од 13.810.593 денари. Грантот е наменет за користење интелектуални услуги за подготовка за одржување на обуки кои ќе ги спроведува Берзата во рамките на Тренинг центарот. Грантот целосно се исплатува од страна на ЕБОР директно на добавувачот на овие услуги (конзорциумот на Виенската берза CAPMEX).

**Вкупните расходи** остварени во 2012 година изнесуваат **53.984.773 денари** и истите се за 23% повисоки од остварените во 2011 година кога истите изнесувале 43.848.279 денари. Ако се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2012 година и 2011 година за износот на регулаторниот трошок и за износот за расходите од грантот за тренинг центарот тие во 2012 година изнесуваат 28.604.062 денари наспроти ланските 32.910.595 денари односно имаме намалување за 13,1% на реалните трошоци во 2012 година.

Во 2012 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 11.653.328 денари, што претставува 21,59% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година, односно во износ од 11.570.118 денари[5], и истите се за 6% повисоки во однос на остварените истиот период лани.

[5] На 18.01.2012 година Комисијата за хартии од вредност ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација

Трошоци за вработени во 2012 година изнесуваат 12.979.902 денари и опфаќаат вкалкулирани бруто плати за вработените. Истите изнесуваат 24% од вкупните расходи и се за 15% пониски во споредба со 2011 година. Во текот на годината е извршено намалување на платите за 10% на вработените и менаџментот, почнувајќи од IV квартал. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 4.044.116 денари, односно 3.030.150 денари и 1.013.966 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 5.948.834 денари, што претставува 11% од вкупните расходи и е за 13% пониска во споредба со 2011 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 9.346.832 денари и се за 11% пониски од истите во 2011 година. Учествуваат со 84% во остварувањето на планот, а во вкупните расходи со 17,31% и се донесуваат на следните ставки:

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 2.069.884 денари или 3,83% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- Трошоците за услуги изнесуваат 4.668.305 денари и истите учествуваат со 8,65% во вкупните расходи. Од трошоците за услуги 420.590 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на берзанската конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.289.919 денари, телефонските и комуникациските услуги и услуги за интернет во износ од 1.430.407 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување и слично.

- Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.160.000 денари и тие изнесуваат 2,15% од вкупните расходи. Во однос на ланските се пониски за 16%.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 308.622 денари и истите се за 38% пониски во однос на планираните за 2012 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 578.331 денари и претставуваат 1,07% од вкупните расходи, односно се за 36% помали од планираните. Дел од овие трошоци се однесуваат на организација на годишната конференција на Берзата и се алиментирани од добиените спонзорства и наплатените котизации за конференцијата.

- Трошоци за осигурување се направени во висина од 342.855 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршните директори и се пониски за 22% од планираните за 2012 година.

---

на која Берзата треба да плати надомест на надзор на берза изнесува 192.835.286.330 денари и дека на тој износ се аплицира процентот 0,006%.

- Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 66.667 денари и се однесуваат на доделената награда за најдобар истражувачки труд во 2011 година која традиционално ја доделува Берзата.

- За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 152.168 денари. Овие расходи се направени за членарини во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 236.494 денари и се однесува на побарувања од брокерската куќа Битола брокер за која е отворена постапка за ликвидација и побарувања по основ на надомест за котација.

* * *

Како резултат на остварени пониски приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2012 година оствари **загуба пред оданочување** во износ од **3.597.111 денари**.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од **78.693 денари** и загубата за деловната 2012 година изнесува **3.675.804 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2012 година изнесува **143.668.733 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени на три месеци или депозити орочени на подолг рок со рок на разорочување од три дена) учествуваат со 39,3% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (74.318.619 денари) изнесува 51,7% од вкупната актива, а побарувањата изнесуваат 2.197.696 денари или 1,5% од вкупната актива. Побарувања од купувачи во најголем дел произлегуваат од надоместоци за тргување и членство за месец декември 2012 година.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2012 година изнесува **143.668.733 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2012 година изнесуваат 5.273.871 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.809.741 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 3.464.130 денари. Најголемо учество во приходите во идните периоди има донацијата во софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година. Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2012 година изнесуваат 138.394.862 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 38.572.906 денари, загубата за финансиската година 3.675.804 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Февруари 2013 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Лидија Трајковиќ**

**П Р И Л О Г**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12. 2012 година**

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.037.930** | **1.478.674** | **142** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **63.267.524** | **65.020.240** | **103** |
| Депозити | 63.000.001 | 64.602.000 | **103** |
| Останати побарувања | 267.523 | 418.240 | **156** |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **3.047.984** | **0** | |
| **4. Нематеријални средства** | **5.709.859** | **3.711.289** | **65** |
| **5. Материјални средства** | **74.216.272** | **70.607.330** | **95** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **10.836.425** | **2.197.696** | **20** |
| Побарувања за данок на добивка | 0 | 77.403 | |
| Останати побарувања | 10.836.425 | 2.120.293 | **20** |
| **7. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **175.281** | **653.504** | **373** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **158.291.274** | **143.668.733** | **91** |

### ПАСИВА

| Назив | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **8.479.698** | **5.273.871** | **62** |
| Останати обврски | 3.336.752 | 1.809.741 | **54** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 5.142.946 | 3.464.130 | **67** |
| **2. Капитал и резерви** | **149.811.576** | **138.394.862** | **92** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 38.572.906 | 38.572.906 | **100** |
| Ревалоризациони резерви | 47.984 | | |
| Добивка за финансиска година | 5.940.151 | | |
| Загуба за финансиска година | | 3.675.804 | |
| Задржана добивка | 1.752.776 | | |
| **ПАСИВА** | **158.291.274** | **143.668.733** | **91** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**во периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012 година**

**во денари**

| Приходи | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 | Програма 2012 | Индекс 2012/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **2.842.841** | **3.207.844** | **113** | **3.100.000** | **103** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **38.708.159** | **25.822.149** | **67** | **31.976.500** | **81** |
| Надомест за членство | 4.890.333 | 4.469.605 | **91** | 4.576.500 | **98** |
| Надомест од тргување | 31.305.326 | 18.952.544 | **61** | 25.000.000 | **76** |
| Приходи од котација | 2.512.500 | 2.400.000 | **96** | 2.400.000 | **100** |
| **3.Останати приходи од дејност** | **8.392.465** | **7.547.077** | **90** | **7.828.104** | **96** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | **1.486** | | | | |
| **5. Приходи од грант за тренинг центар** | | **13.810.593** | | | |
| **Вкупни приходи** | **49.944.951** | **50.387.662** | **101** | **42.904.604** | **117** |
| **Расходи** | | | | | |
| **1.Расходи за провизии и надоместоци** | **11.033.295** | **11.653.328** | **106** | **11.670.117** | **100** |
| Провизии од банки | 95.611 | 83.210 | **87** | 100.000 | **83** |
| Берзанска провизија за КХВ | 10.937.684 | 11.570.118 | **106** | 11.570.117 | **100** |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | | **8.790** | | | |
| **3.Трошоци за вработени** | **15.300.919** | **12.979.902** | **85** | 13.500.000 | **96** |
| **4. Амортизација** | **6.860.223** | **5.948.834** | **87** | **6.000.000** | **99** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **159.693** | **236.494** | **148** | | |
| **6.Останати расходи од дејност** | **10.494.149** | **9.346.832** | **89** | **11.100.000** | **84** |
| Материјални и слични трошоци | 2.332.211 | 2.069.884 | **89** | **2.600.000** | **80** |
| Трошоци за услуги | 4.961.599 | 4.668.305 | **94** | **5.000.000** | **93** |
| Одбор на директори | 1.375.332 | 1.160.000 | **84** | **1.160.000** | **100** |
| Трошоци за службени патувања | 260.757 | 308.622 | **118** | 500.000 | **62** |
| Трошоци за репрез, реклама и пропаганда | 812.363 | 578.331 | **71** | 900.000 | **64** |
| Осигурување | 444.133 | 342.855 | **77** | **440.000** | **78** |
| Трошоци за истражување и развој | 66.667 | 66.667 | **100** | **250.000** | **27** |
| Други трошоци | 241.087 | 152.168 | **63** | **250.000** | **61** |
| **7.Расходи од грант за тренинг центар** | | **13.810.593** | | | |
| **Вкупно расходи** | **43.848.279** | **53.984.773** | **123** | **42.270.117** | **128** |
| **Добивка пред оданочување** | **6.096.672** | | | **634.487** | **0** |
| **Загуба пред оданочување** | | **3.597.111** | | | |
| **Данок на непризнаени расходи** | **156.521** | **78.693** | | | |
| **Добивка за финансиската година** | **5.940.151** | | | | |
| **Загуба за финансиската година** | | **3.675.804** | | | |